**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**СКОПЈЕ**

**Институт за педагогија**

**Последипломски студии по менаџмент во образованието**

# ОБРАЗОВНАТА ФУНКЦИЈА И ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ОТВОРЕНИТЕ ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**-магистерски труд-**

Кандидат
Елена Трајковска
досие бр:4299/11

Ментор
Доц. д-р Елена Ризова

Скопје, 2017 година

Абстракт

Промената на пазарот на труд базирана на брзиот технолошки развој во светот, ја нагласува потребата од општество базирано на знаење, каде обуката и едукацијата треба да се стават на прво место. Возрасното население има многу голем удел за развојот на државата, тоа ја покажува важноста и потребата за образованието на возрасните и доживотното учење. Образованието на возрасните во Република Македонија се спроведува низ формален, неформален и информален начин на учење.

Целта на овој труд е да изврши увид во образовната функција и организациската поставеност на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Истражувањето тргнува од претпоставка дека организациската и образовната поставеност на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење позитивно влијае на вработливоста на посетителите и нивната конкурентност на пазар на труд. Овие институции опстануваат со самофинансирање и потребно е да се изгради соодветен модел на финансирање и поддршка. Потребна е промоција на концептот за доживотното учење и предностите што ги нудат отворените граѓански универзитети за доживотно учење.

Трудот ја истакнува потребата од поголема застапеност на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење со што би се намалила неписменоста, а би се зголемила вработливоста на учесниците нивната конкурентностна пазарот на труд. Со тоа би се подобриле можносите на луѓето во сите фази на нивното живеење како и подобрувањто на економскиот, социјалниот и личниот развој.

**Клучни поими**: формално образование, неформално образование, информално учење, доживотно учење, соработка, квалитетен живот.

### *Abstract*

The change on the labour market based on the fast technological development in the world emphasizes the need for a society based on knowledge where the training as well as the education should be on first place. The elder population has a great part in the development of a country which shows the importance as well as the need for education specialized for adults and their lifetime learning. The education specialized for adults in the Republic of Macedonia is being conducted through a formal, non-formal and informal way of learning.

The purpose of this paper is to give an insight in the educational function as well as the organizational placement of the Open Civil Universities for lifetime learning. The research goes from the assumption that the organizational and educational placement of the Open Civil Universities has a positive effect on the employability of the visitors as well as their competitiveness on the labour market. These institutions survive with the help of self-financing and it is necessary to build a proper model for financing and support. It is also necessary to offer a promotion of the concept for lifetime learning as well as the advantages these Open Civil Universities offer for this precise lifetime learning.

The paper emphasizes the need for a greater representation of the Open Civil Universities for lifetime learning that would help us decrease the illiteracy and that would later contribute to an increase of the employability of the participants as well as their competitiveness on the labour market. That would improve the possibilities that people have in all the aspects of their life, but also their economic, social and personal development would be improved as well.

**Key words:** formal education, non-formal education, informal education, lifetime learning, cooperation, quality life.

**Содржина**

**Вовед** ........................................................................ 6

**I Теоретски пристап кон проблемот на истражување**Error! Bookmark not defined.

**I.1Возраст** ........................................................................ 8

**I.2 Образование на возрасните**........................................................9

**I.3 Образованието на возрасните во Република Македонија**...10

**I.4 Законска регулатива за образованието на возрасните** ....... 14

**I.5 Институции инволвирани во системот за образованието на возрасните**........................................................................16

**I.6 Основно образование на возрасните** .................................. 18

**I.7 Средно образование на возрасните**......................................20

**I.8 Фактори за процесот на учењето на возрасните**.................22

**I.9 Краток историјат на Работничките универзитети** .............24

**I.10 Дејност на Работничките универзитети**.............................28

**I.11 Учесници и услуги**........................................................30

**I.12 Улога во описменувањето** .............................................. 31

**I.13 Улога во намалување на невработеноста** ..........................32

**I.14 Финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење** ......................................................................34

**I.15 Управување и раководење со отворените граѓански универзитети за доживотно учење**...........................................35

**I.16 Надзор над квалитетот и работата на установите и институциите за образование на возрасни**...............................36

**I.17 Концепт на доживотно учење во Република Македонија** ..36

I.17.1 Актуелноста на проблемот со доживотно учење .................37

I.18 Промовирање на концептот на доживотно учење во Р. Македонија.......................................................................................39

I.18.1 Деновите на доживотно учење............................................39

I.18.2 Кампања за доживотно учење ............................................ 40

I.18.3 Учесници во доживотното учење .......................................42

I.19 Карактеристики на учењето кај возрасниот човек ............42

I.19.1 Карактеристики на учењето кај децата и возрасните .........43

I.19.2 Принципи на учење кај возрасните ...................................45

I.19.3 Фактори од субјективна и објективна природа...................47

2. Дефинирање на проблемот и основните поими............ 49

II Методологија на истражувањето ................................... 58

II.1 Предмет на истражувањето ...............................................58

II.2 Цел и карактер на истражувањето ......................................59

II.3 Задачи на истражувањето ..................................................59

II.4 Хипотези ........................................................................... 60

II.5 Варијабли ........................................................................... 61

II.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето .......... 61

II.7 Популација и примерок......................................................62

II.8 Статистичка обработка на податоците ..............................62

II.9 Организација и тек на истражувањето ..............................63

III Анализа и интерпретација на резулатите од истражувањето ............................................................................ 64

III.1 Анализа на резултатите за проверување на првата помошна хипотеза.......................................................................................64

**III.2 Анализа на резултатите за проверување на втората помошна хипотеза ......................................................................70**

**III.3 Анализа на резултатите за проверување на третата помошна хипотеза ...................................................................... 75**

**III.4 Анализа на резултатите за проверување на четвртата помошна хипотеза ...................................................................... 80**

**III.5 Анализа на резултатите за проверување на петтата помошна хипотеза ...................................................................... 81**

**III.6 Анализа на резултатите за проверување на шестата помошна хипотеза ......................................................................85**

**III.7 Анализа на резултатите за проверување на седмата помошна хипотеза ......................................................................89**

**III.8 Анализа на резултатите за проверување на осмата помошна хипотеза...................................................................................... 91**

**III.9 Анализа на резултатите за проверување на деветата помошна хипотеза ......................................................................92**

**Заклучни согледувања и препораки ................................. 94**

**Користена литература ................................................... 96**

**Прилози – инструменти на истражувањето .................. 100**

# Вовед

Правото на учење, според Општатата декларација за човечки права на Обединетите нации, е едно од основните човечки права[1].

Почетокот на 21-от век претставуваше почеток на ново доба-доба на натпревар во знаењето и учењето во земјите во Европа и светот. Беше постигнат општоприфатен консензус дека знаењето е основна производна сила во општеството и најсилен предуслов за успешност. Разликите во знаењето и неговата примена се во корелација со разликите според кои државите се делат на развиени или неразвиени, богати или сиромашни.[2] Образованието е еден од најзначајните фактори за економскиот развој и обратно, економскиот развој е основен фактор за развојот на образовниот систем. Тоа значи дека повисокото образовно ниво на поединците и на општеството во целост овозможува создавање повисок национален доход по жител во државата, со што се подобрува општата благосостојба на граѓаните и постојано остварување на проширена општествена репродукција кон која се стремат сите современи држави.[3] Општа констатација со која сите се сложуваат е дека денешново време го карактеризира интелектуализација на професијата и трудот. Економијата, во минатото, својата конкурентност ја бараше во масовното производство, евтината работна сила, суровините, енергијата, технологијата, а подоцна во автоматизацијата. Денешната економија својата конкурентност и есенција ја бара во дигиталната технологија, знаењето и иновациите. Таа е претприемнички ориентирана и засилена со поврзувањето и обединувањето на бизнисите и стратегиските партнерства.[4]

Доживотното учење е концепт што е промовиран насекаде низ светот поради придобивките што ги нуди. Целта на доживотното учење е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на сите возрасти во текот на целиот живот. За успешна реализација на концептот за доживотно учење,

[1]Општа декларација за човечки права, ОН,1948
[2] Стратегија за образование на возрасните 2010-2015, (2010)Скопје:Совет за образование на возрасните
[3]Гоцевски, Т. (2009), *Економика на образованието,* Скопје:Филозофки факултет, стр.120
[4] Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013 - 2020

потребно е децата и младите уште во текот на нивното базично образование да се стекнат со способности и навики за континуирано учење.[5]

Возрасното население има голем удел за развојот на државата и е од непроценлива важност. Самиот факт што тоа претставува приближно 83%[6] од вкупното население во земјата, ја потврдува потребата за развивање на свеста кај луѓето за важноста на образованието и доживотното учење. Во однос на ова прашање, професорот Зоран Велковски од Филозофскиот факултет вели: "...возрасните се тие кои имаат најголемо влијание врз општествено-економскиот и културниот развој на земјата, а младите се тие кои го продолжуваат тој развој".[7] Иновација во сферата на наставата стана основен принцип во развојот и делувањето на образованието на возрасните, со што катадневно се создаваа услови образованието на возрасните да го докажува својот квалитет и значење и во времето што ќе го заземе вистинското место во севкупниот општествен развој.[8]

---

[5]Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 стр.465-466

[6] Според државниот завод за статистика, состојбата со населението над 15 годишна возраст на крајот на 2010-тата година изнесува 86,6 % од вкупното население на државата.

[7]Ризова, Е. *Реформите и системот за образование на возрасните во Република Македонија*, Скопје: „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет - Институт за педагогија, стр.138

[8]Велковски, З. (2005), *Lacrimae Mundi,* Скопје:Педагошки завод на Р. Македонија,стр.168.

# I Теоретски пристап кон проблемот на истражување

## I.1Возраст

Во андрагошката и психолошката литература има многу полемики околу дефинирањето на поимот возрасен човек, со толкување на односот помеѓу поимите зрелост и возраст во рамките на кои тие често се сметаат за синоними. Секако, се претпоставува дека лицето кое достигнало одредена возраст достигнало и некој одреден степен на зрелост во развојот. Со синтеза на теоретските ставови за проблемот на одредување на степенот на возраст може да се заклучи дека тој феномен, покрај хронолошката возраст која се мери во години, всушност го определуваат конкретни видови на зрелост (според, Kulić, Despotović, 2004):

- **Психофизиолошка зрелост** која се однесува на зрелоста на човековиот организам и неговите функции;

- **Психолошка зрелост** која подразбира оптимално функционирање на моториката и психомоториката, способност за контрола на емоциите и усогласување на емоциите со ситуациите во кои тие се покажуваат, способност за систематско учење и ефикасно користење на своите знаења и способности, психолошка блискост со другите луѓе и способност да се избегнат и надминат можни и вистински конфликтни ситуации во семејството, на работното место, општо во животот и сл.;

- **Социјална зрелост** која се однесува на способноста на возрасните лица да ги ускладат своите потреби и постапки со потребите и постапките на другите. Тоа суштинско обележје на социјалната зрелост може да се искаже во семејството, на работното место, во различни социјални групи. Притоа, многу е важно превземањето на одговорност за своите барања и постапки, што е еден од главните показатели на социјална зрелост на некое лице;

- **Професионална зрелост** која подразбира способност на возрасното лице квалифицирано да ја врши својата работа и самостојно да заработува за живот, како би ја осигурал својата и егзистенцијата на членовите на неговото семејство;

Значи, возрасен човек е лице кое покрај хронолошката возраст и завршениот процес на биолошко растење, поседува и поголем или помал степен на психолошка, социјална и професионална зрелост.[9]

## I.2 Образование на возрасните

Образование на возрасните е дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење за возрасните лица.[10] Образованието на возрасните нема една универзална дефиниција. Тоа се дефинира различно од различни луѓе во различни култури и општества.

**Lindeman** (1926) "Образованието е живот - не е само подготовка за непознатото од иднината .... Целиот живот е учење, затоа учењето не може да има крај. Овој нов термин се нарекува образование на возрасните - не затоа што е ограничен само на возрасните поради нивната зрелата возраст, туку ги дефинира своите граници."[11]

**Bryson** (1936) "... Сите активности со образовна намена кои се изведуваат од страна на луѓето, вклучени во обичен бизнис на животот."[12]

**Verner** (1964) "... Терминот образование на возрасни се користи за означување на сите оние образовни активности кои се специјално дизајнирани за возрасните."[13]

**Merriam & Brockett** (2007) "Образование на возрасни е речиси секоја активност наменета за возрасни, дизајнирана која со учење ќе придонесе за вклучување во работата како аеробик инструктор, медицинска сестра, приватен консултант, активист во заедницата."[14]

**Казамир Вејцеховски**, еден од втемелувачите на модерната андрагогија во Полска, го разбира образованието на возрасните како општествен систем, насочен кон воспитанието на возрасните и младите вработени, а пред сè кон

---

[9] Kulić,R., Despotović,M., (2004) *Voved vo andragogija*, Belgrad:Svet knjige
[10] Министерство за образование и наука на Република Македонија, (2008), *Закон за образование на возрасните*, Скопје:Службен весник на Р.Македонија бр.7/08
[11] Lindeman, E. (1926). The meaning of adult education. New York: New Republic.
[12] Bryson, L.L. (1936). Adult education. New York: American Book Company.
[13] Verner, C.(1964). Definition of terms. In G. Tensen, A.A. Liveright and W. Hallenbeck (Eds), Adult education: Outlines of an emerging field of University study (pp. 27-39). Washington, D.C. Adult Education Association of the U.S.A.
[14] Merriam, S.B and Brocket, R.G. (2007). The profession and practice of adult education and introduction. San Francisco: Jossey –Bass

нивното развивање на елементарната култура, умствената фабричката, политичката, општествената, здравствената, моралната, естетската, физичката, при што културата ја разбира во динамична, а не статична смисла.[15]

## I.3 Образованието на возрасните во Република Македонија

Развојот на образованието на возрасните ќе придонесе за создавање на значајни можности за инклузија, партиципација и влијание. Тоа ќе овозможи континуирано стекнување на работни и граѓански компетенции, градење на сопствен идентитет, компетентно управување со сопствениот живот и спречување на екслузијата.[16]

Првото заседание на АСНОМ е од особено значење за образованието и образованиео на возрасните, во 1944 година македонскиот народен јазик го воведува како службен јазик. Во тогашниот период околу 75% од македонскиот народ бил неписмен поради турското ропство и окупаторскиот режим и АСНОМ донесува Законски прописи од областа на просветата. Енормниот број на неписмено население барало преземање на широки мерки и активности за отстранување на оваа културно-просветна заостанатост. Поради неможноста на возрасните да се образуваат во институции од редовниот школски систем се донесува и Одлука за организирање аналфабетски курсеви:

“Во упатството за организацијата и работа на народноослободителни одбори се содржани прописи за образување курсеви и општо образование. Според упатството, овие курсеви ги раководи непосредно просветно одделение на народноослободителниот одбор. Наедно со упатвство е ставено во задача на овие одделенија да образуваат народни универзитети, просветни академии и аналфабетски курсеви.”[17]

Аналфабетските курсеви претставуваат темел врз кој образованието на возрасните ја проширува својата дејнот на културна, еманципаторска и општествено-производна работа. Се оживотворува и тезата дека “во народното просветување и културно издигнување нема монопол на работа, ниту поединци, ниту групи туку дека е тоа во полна смисла народна работа, во која ќе бидат

---

[15]Wojciechowski,K. (1996) Wychowanie Doroslych, Wroclaw-Warszawa-Krakow, Ossolineum
[16]Стратегија за образование на возрасните 2010-2015, (2010)Скопје:Совет за образование на возрасните,стр.27
[17] АСНОМ (1944-1964),( 1964), *Зборник на документи,*Скопје:Институт за национална историја, стр.322

опфатени сите оние што на каков и да било начин можат да придонесат за неа... "[18]

Борбата против неписменоста била една од примарните не само просветни, туку и политички задачи. Оваа дејност, особено во првите години по ослободувањето била интензивна и масовна. Аналфабетски курсеви до крајот на 1950 година во Македонија успешно завршиле околу 180 500 возрасни, а биле опфатени околу 294 000 посетители.[19]

Периодот од 1944-1950 бил проследен кон отстранување на тешката аналфабетска заостанатост во целокупната воспитно-образовна дејност. Систематското усвојување на темелните и општи знаења било на незадоволително ниво, а практичното оспособување за било која дејност во голема мера било импровизирано и спонтано. При овие активности биле вклучени народната власт, масовните организации, сите општествено-политички фактори, просветните и културните работници и др. Овој период е познат како масовно народно просветување, а не систематско образование. Биле организирани и општо образовни курсеви кои траеле 6 месеци со 10 часа во неделата и се изучувале предметите: македонски јазик, сметање, историја, земјопис и природознание. Ваквите курсеви биле отварани при основните училишта, а непосредни организатори биле околинските народни одбори. Лицата што успешно го завршиле курсот се здобивале со свидетелство за завршено IV одделение. [20]

Заради успешно вклучување во процесот на обновата и индустријализацијата на земјата биле организирани и курсеви за стручно оспособување на возрасните. Курсните форми давале само елементарни знаења иако биле добро организирани и масовно посетувани. "Во суштина констатира д-р Боривој Самоловчев, тоа било просветување, а не систематско образование на возрасните, зошто целокупната воспитно-образовна дејност била насочена на отстранувањето на тешката заостанатост преку брза, привидно ефектна и масовна акција, а не систематско усвојување на темелни и целосни знаења, како и на

[18] Продановиќ, Т. (1946), *Неколико запажања о проблемима народног просвећивања*, Загреб: Народна просвјета. стр.1-2

[19] Статистички податоци за одржаните аналфабетски курсеви во Македонија во 1944/45 година, Архив на Македонија-Скопје, ф.Министерство за просвета на НРМ, к.27

[20] Уредба за отварање на основни општообразовни курсеви. Службен весник на НРМ, бр.1/48, стр.3 и Правилник за организацјата и работата на основните општообразовни курсеви, Службен весник на НРМ. бр.36/4, стр.265

практично оспособување за каква и да е дејност, што ја чини суштинската определба на поимот–образование на возрасните."[21]

Во првите повоени години посебно внимание се обрнувало на описменувањето и подигањето на општообразовното ниво на работниците. Бил изграден посебен систем што го сочинувале неколку форми. Почетен просветен курс траел 3-6 месеци и биле опфатени неписмените работници. Тука добивале основната писменост и знаења од сметање, историја и географија. По завршувањето на овој курс се запишувале на основен просветен курс. Тој траел една година. Знаењата што ги стекнувале биле во рамките на програмата основното четиригодишно училиште.

Владата на НРМ на 19 мај 1947 година донела Уредба за отварање школи за општо образование на работниците. Целта била да се овозможи посистематско образование на работниците. Прва ваква школа е отворена во Скопје. Работата била организирана во два курса: нижи и виши кои траеле по две години. Вишиот курс бил набргу укинат со нова уредба на Владата на НРМ. Според оваа уредба школата за општо образование на работниците имала ранг на неполна средна школа, можеле да се запишат работници што имале завршено четврто одделение, а школувањето траело две години. По завршување кандидатите можеле да го продолжат образованитео во работничките техникуми или во некоја друга средна стручна школа. Вакви школи биле отворени во Титов Велес и Струмица, во учебната 1948/49 година, а подоца и во други градови. Во Македонија во учебаната 1950/51 година работеле 28 школи за општо образование на работниците.

Динамичниот општествен развиток, а пред се, развојот на стопански дејности обусловил потреба од зголемени знаења, а со тоа и потреба од создавање нови форми преку кои ќе се добива систематско образование, општо и стручно. По воведувањето на работничкото и општественото (само)управување образовните потреби на возразниот човек значително се зголемуваат. Како резултат на овие потреби доаѓа до формирање на повеќе образовни установи за систематско воспитно-образовна работа со возрасните, меѓу кои: вечерни школи за основно образование на возрасните, стручни училишта, специјални паралелки за стручно образование при постојните средно стручни училишта, народни и работнички

[21]Самоловчев, Б. (1985). *Воспитанието и образованието во Македонија 1943-1983*, Скопје:Просветно дело, стр.162

универзитети, центри за стручно оспособување и други форми. Во 1953 година, биле отворени специјални паралелки за возрасни при Економскиот техникум во Скопје и при земјоделските техникуми во Битола и Тетово, во кои се работело со посебен наставен план и програма и школувањето траело две години.[22]

Образованието на возрасните се регулирало со повеќе значајни прописи кои биле донесени меѓу кои: Закон за вечерните основни училишта (1954),[23] Закон за нижи вечерни гимназии (1955)[24], Законот за стручно образование на земјоделците (1956)[25] и други. Во оваа фаза се поставуваат основните елементи на современиот андрагошко воспитно-образовен систем кај нас, иако сеуште со недоволно јасни програмско-дидактички аспекти на образованието на возрасните.

Современото образование на возрасните кај нас коинцидира со воведувањето на работничкото самоуправување, како нов квалитет на општествениот живот и развиток. Тоа е периодот од 1950-1985 година во кој се гради и развива модерен систем на образованието на возрасните кој се усогласува со тогашните текови на образованието на возрасните во најразвиените земји во светот.

Најбележита појава обусловена од воведувањето на работничкото самоуправување е основањето на работнички универзитети како институции за образование на возрасните. Формирањето на овие институции произлегло, пред се, од потребата работните луѓе и граѓаните да се здобијат, на организиран и систематски начин, со општи и стручни знаења заради успешно извршување на производствените и самоуправни задачи.[26] Тогашните работнички универзитети претставувале установи со богата, модерно организирана и систематски и содржински осмислена образовна работа.

Врз основа на организацијата за работа и постигнаите резултати, евидентно е дека активноста во образованието но возрсните во тие историски услови се одликува со “широчина, масовност и разновидност на институционалните и организациските форми и со широко ангажирање на општествените и

[22] Камберски, К. (1994). *Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело стр.179-180
[23]Службен весник на НРМ, бр 35/54. стр.479
[24] Службен весник на НРМ, бр.19/55. стр.226
[25]Службен весник на НРМ, бр19/47.стр.200
[26]Камберски, К.*Од буквар до универзитет* (1994) Скопје:Просветно дело, стр.180

индивидуални сили, но во исто време и со несиметричност, стихијност, изразени во појавувањето и исчезнувањето на одделни активности." Исто така, во таа работа е присутна практицистичката, неперспективната насоченост, односно стремежот за моментни ефекти.[27]

## I.4 Законска регулатива за образованието на возрасните

Во образовниот систем во Република Македонија значајно место зазема и образованието на возрасните и доживотно учење.

До 2008 година во Република Македонија не постоел посебен закон со кој се регулира образованието на возрасните и истото било инкорпорирано во законите за основно, средно и високо образование. Пред донесување на законот за образование на возрасните имало обиди кои се поврзани со отварањето на канцеларијата на ДВВ Интернационал (Германкска невладина организација) во Скопје. Од 1997 година, ДВВ активно работи на промоција на доживотно учење во Македонија и остварува соработка и партнерство со Министерството за образование и наука, а подоцна и со Центарот за образование на возрасните. На донесувањето на законот во 2008 година му претходеле два неуспешни нацрт-закони, кои биле изработени со поддршка на ДВВ Интернационал во периодот од 1997 до 2006 година. Во 2006 година уште еден обид на работната група за креирање на закон за образование на возрасни, во која учествувале и експерти од Германија, завршил неуспешно. Конечно, во 2007 година повторно била поведена иницијатива за создавање на законот, која не го доживеала неуспехот на претходните иницијативи. Во тој период и притисокот од страна на ЕУ бил поголем, бидејќи Македонија веќе го имала кандидатскиот статус и конечно, Законот за образование на возрасни добил шанса. Изработката на законот се одвивала во просториите на ДВВ во Скопје и во јануари 2008 Законот е донесен од страна на Собранието на Република Македонија.[28]

Со овој закон образованието на возрасните е дефиниран како дел од единствениот систем на образование на Република Македонија. Ова е прв документ со кој е регулиран системот за образование на возрасните со што е

---

[27]Самоловчев,Б.(1985), *Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија* (1943-1983), Образованието на возрасните, Скопје:Просветно дело
[28]Образование на возрасни – можност или реалност (2014), Тетово:Сојуз за развој на образование на возрасни и доживотно учење (Истражување на законската рамка за образование на возрасни и понудувачи на образование на возрасни), стр.8-9

пополнета празнината во делот на неформалното образование која претходно постојала, а сепак е значаен дел од севкупното образование за секого.

Целта на Законот за образованието на возрасните е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на граѓаните од сите возрасти во текот на целиот живот. За таа цел, преку реализирање на одредбите од овој закон, Министрество за образование и наука ќе настојува да создаде позитивна атмосфера за континуирано учење и саморазвој за сите популациски групи. Тоа подразбира зголемување на можностите за образовна мобилност на младите и возрасните и остварување на динамичка соработка меѓу образовните установи и потребите кои произлегуваат од сверата на трудот и општествениот живот. Соработката меѓу различните субјекти во образованието, јавниот и приватниот сектор, невладините организации и волонтерските здруженија ќе биде исклучително значајна за оствраување на засилена образовна мобилност на младите и возрасните.[29]

Донесувањето на Законот за образование на возрасните е со цел да се остварат активности кои ќе овозможат:

- намалување на стапката на неписменост кај возрасните, особено диспаритетот меѓу стапките на неписменост кај мажите и жените;

- експанзија на базичното образование кај возрасните;

- можности за стекнување на знаење, вештини и вредности од страна на возрасните, кои се бараат за подобрување на квалитетот на животот;

- зголемување на можностите за образовен избор;

- развивање на образование на возрасни кое ќе биде во функција на општествената кохезија;

- развивање на можности за образование и обука кои соодветно одговараат на очекувањата, аспирациите и потребите на различните групи од постојната и потенцијалната работна сила;

[29]Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија, CONFITEA VI Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008 стр.5

- образование и обука на возрасните за динамичните промени во сферата на трудот и животот.[30]

Од страна на Советот за образование на возрасните е изготвена и Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015, каде што се вклучени и се стремат за реализација следните стратешки цели:

• Зајакнување на системот за образование на возрасни преку развивање на информациско-статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните;

• Создавање услови доживотно учење и мобилност да станат реалност;

• Подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието и буката на возрасните;

• Промовирање на рамноправност, социјална кохезија и активно граѓанство;

• Промоција на образованието на возрасните и културата на учење преку активен пристап во образованието и обуката на возрасните.[31]

Други закони што се значајни за образованието на возрасните се: Законот за стручно образование и обука, Законот за отворени граѓански универзитети од 2011, Законот за Националната рамка на квалификации и Законот за Биро за развој на образованието. Значајни документи што се донесени се: Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015 и Акцискиот план.[32]

## I.5 Институции инволвирани во системот за образованието на возрасните

Во Република Македонија постојат повеќе институции кои го конституираат системот за образование на возрасните. Постојат јавни и државни институции и тела, како и приватни институции кои нудат различни видови обуки за возрасните.

[30]Исто стр. 29

[31] Стратегија за образование на возрасните, 2010-2015, (2010) Скопје:Совет за образование на возрасни.

[32]Образование на возрасни – можност или реалност (2014), Тетово:Сојуз за развој на образование на возрасни и доживотно учење (Истражување на законската рамка за образование на возрасни и понудувачи на образование на возрасни), стр.10

**Советот за образование на возрасните** е советодавно тело основано од страна на Владата на Р.Македонија и се занимава со предлагање на стратешки прашања кои се однесуваат на политиката на развој на образованието на возрасните. Советот има надлежност да ја следи реализацијата на годишните акциони планови за реализација на стратегијата за развој на образованието на возрасните, да предлага на министерството национални квалификации и стандарди на занимања, да предлага финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во буџетот на Република Македонија, и во соработка со општините, да доставува предлог за развој на мрежата на установите за образование на возрасните до министерството.

**Центарот за образование на возрасните** е јавна установа за образование на возрасните во Република Македонија, која како посебно правно лице е основана од Владата на Република Македонија во ноември 2008 година.[33] Мисијата на центарот е да воспостави функционален, современ и ЕУ-компатабилен систем на образование на возрасните во контекст на доживотно учење кој што ќе понуди висококвалитетно образование и можности за стекнување на квалификации во согласност со потребите на населението, зголемување на вработливоста и претприемништвото, потребите на пазарот на трудот и ќе придонесе кон економскиот, социјалниот и личниот развој.

**Надлежноста на Министерството за образование** е да донесе стратегија за образование на возрасните и годишни акциони планови за нејзина реализација, врз основа на предлози од Советот за образование на возрасните. Министерството врши верификација и издава лиценци на установите за образование на возрасните и води регистер на верифицираните установи. Покрај тоа, Министерството донесува наставен план и програми за основно, гимназиското и стручното образование на возрасните, по предлог на Центарот за образование на возрасните и национални рамковни наставни планови и програми за образование на возрасните.

**Министерството за труд и социјална политика** има надлежност да ги согледува потребите за преквалификација и доквалификација на кадарот преку анализа на пазарот на трудот и да доставува мислење до Советот, да учествува во

[33] http://www.lifelonglearning.mk/

подготвувањето и усогласувањето на стручните квалификации по стандарди, изготвувањето на листата на стандарди на занимања и во организирањето на професионалното ориентирање на учесниците, а во соработка со Центарот да иницира потреби од изготвување на нови стручни квалификации по стандарди на занимања.

**Локална самоуправа** Со поттикнување на децентрализацијата, дел од надлежностите во областа на образованието на возрасните се доделени на локалната самоуправа.

**Национална агенција за европски програми и мобилност** е јавна институција која е формирана со Закон донесен од страна на Собранието на Република Македонија. Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е да работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република Македонија.[34]

**Приватни институции за образование на возрасните** може да бидат: различни институции за образование на возрасните, центри за усовршување, центри за обука, центри за странски јазици, центри за компјутерско образование, центри за советодавна работа и др.[35]

## I.6 Основно образование на возрасните

Општата цел на основното образование на возрасните поаѓа од потребата за: описменување, доближување на општото образование до образовни желби, интересите и потребите на возрасните, зголемување на мотивирасноста за учење, потребите на општествената заедница од образовна и стручна работна сила, намалување на неписменоста, продолжување на образованието и самообразованието, стекнување практични знаења и друго.[36]

Основното образование на возрасните трае четири години, односно осум образовни циклуси. Според правилникот за критериумите и начинот за остварување на основното образование, во основното образование може да се

---

34 http://www.na.org.mk/

35 Стратегија за образование на возрасните 2010-2015, (2010)Скопје: Совет за образование на возрасни

36 Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија, CONFITEA VI Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008стр.19

вклучат лица кои не го завршиле основното образовани, постари од 15 години и за нив престанала обврската за задолжително образование. Наставата во училиштата за образование на возрасни се изведува на македонски и албански наставен јазик. Таа се организира и остварува според посебни наставни планови и програми кои се сочинети од три дела: задолжителен, изборен и факултативен дел. Наставта се остварува како редовна и подготвителна, во зависност од возраста, психичките и физичките способности и оспособеноста за самообразование. Образовната работа за возрасни се реализира во редовните основни училишта и специјализираните училишта за возрасни.[37]

Единствено специјализирано основно училиште за возрасни се наоѓа во Скопје “Антон Семјенович Макаренко”. Тоа има богата традиција и постои повеќе од 50 години. Најнапред од 1963 до 1972 година под името ОУ за возрасни ”Кочо Рацин”, а од 1973 година до денес со сегашното име ”А.С.Макаренко. Тоа е централно училиште со повеќе подрачни единици. Бројот на посетители и распоредот на подрачните центри со текот на годините се менувал во зависност од потребите на посетителите и општествените промени. Училиштето на сите заинтересирани посетителите им нуди можност за дооформување и завршување на основното образование за понатаму да го продолжат своето образование во средните училишта. Интересот за описменување и дооформување на основното образование во помалите градови во Македонија е минимален, а особено во руралните региони. Поради непостоење на установи за образование на возрасните интересите не можат да се задоволат. Наставата се одвива на македонски и на албански наставен јазик.

Наставата се организира во договор со наставникот по определен предмет, со одреден распоред, со тоа што, кандидатот, дадениот материјал треба да го усвои за да продолжи понатаму да напредува. Оценувањето се врши по завршувањето и усвојувањето на материјалот по дадените предмети. Посетителите полагаат испит пред трочлена комисија за секој предмет подинечно. Сведителствата се издаваат кога кандидатот ќе биде оценет по сите предмети, на крај на учебната година.[38]

Во основното образование за возрасни се нудат три модели на наставни планови, два за редовна настава и еден за подготвителна настава:

---

[37]Исто-стр.6
[38] http://makarenko.edu.mk/

• Наставен план за адолесценти од 15-24 години (трае четири учебни години);

• Наставен план за возрасни над 24 годишна возраст (трае четири учебни години со редуциранн број на наставни предмети и часови седмично. Тоа се должи на сознанијата за специфичните потреби, животни и работни обврски на возрасните над 24 години)

• Наставен план за подготвителна/ консултативна настава со возрасни (наменет за возрасните кои имаат одредени елемнтарни предзнаења, за читање, пишување, сметање, кои се оспособени за самообразование со одредена помош, вработени се и не се во можност да ја следат редовната настава).[39] Под подготвителна настава се подразбира посетување на настава со скратен фонд на часови. Подготвителната настава се одвива во неопределено време и може во зависност од нередовното доаѓање на кандидатот да трае и подолг период.[40]

Образованието и основното образование на возрасните не треба да се гледа како надокнадување на пропуштеното образование во младоста, туку тоа да биде во функција на задоволување на личните и општествените потреби.

## I.7 Средно образование на возрасните

Средното образование на возрасните е интегрален дел на редовната воспитно-образовна дејност во училиштата за средно образование. Во средното образование за возрасните најчесто се вклучени кандидати кои низ процесите на преквалификација и доквалификација обезбедуваат ново вработување, напредување во кариера или опстанок во фирма во која работат.

Постојните образовни програми имаат три цели: подготовка за високошколско образование, вработување или напредување во работата.

Основната цел на средното образование на возрасните е:

-стекнување за прв пат одреден вид стручно образование (прво занимање) со завршување на соодветна образовна програма, со редовно вклучување во воспитно образовна дејност преку редовна настава или преку вонредно полагање на испити;

[39] Ризова,Е. (2015). *Возрасните и писменота* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет, стр.233

-доквалификација на возрасните ученици (со работа и од работа), за здобивање на повисоко ниво на стручно образование во иста струка за успешно извршување на нови посложени работи и работни задачи;

-преквалификација на возрасните ученици (со работа и од работа), за здобивање со друго занимање во иста или друга струка. Праквалификацијата е условна од воведување на нова технологија, нова организација во производство, преструктурирање во стопанството и др. Преквалификација значи промена на занимањето, заради движење на поединците по хоризонтала на професионалниот систем. Тоа значи промена на степенот на стручната оспособеност, односно класификација.

Преквалификацијата смисловно се разликува од доквалификацијата, со која се стекнува повисока квалификација. Се разликува и од иновациско образование при кое не се менува основното занимање. Преквалификување претставува вид на образование за работа и воедно андрагошки формиран процес на подготовка за преквалификација.[41]

-специјалистичко образование, за стекнување на V степен на стручна подготовка (со работа и од работа), за извршување на работи и работни задачи за повисок квалитет во работењето, користење на современа технологија и др.

Дипломите добиени по завршување на овој вид образование се вреднувани исто како и дипломите стекнати во редовно средно образование.

Формалното образование ги опфаќа струките и профилите што се изучуваат во средните стручни училишта во редовна настава и тоа: гимназиско образование, шумарска струка, дрвопреработувачка, економско, правна-трговска, елетро-техничка, геолошка-рударска и металуршка, градежно-геодетска, графичка, хемиско-технолошка, кожарка и лични услуги, машинска, прехрамбена, сообраќајна, текстилна, текстилно-кожарска, угостителско туристичка, уметничко-образовна насока, музичка уметност, применета ликовна уметност, здравствена, земјоделско-ветеринарна.

---

[41] Варџинска М.(1988) *Преквалификации и стручно оспособување на технолошкиот вишок и повратниците од странство во функција на актуелните потреби и повратниците од странство во функција на актуелните потреби и на развојните перспективи на Македонското стопанство*, Скопје:Работнички Универзитет Кочо Рацин- стр,93

Дел од средните училишта делуваат и во сферата на неформално образование со организација и изведување на обуки надвор од програмите за формалното образование. За реализирање на овие посебни проекти/програми тие имаат и финансиска поддршка во вид на грантови, потполно финансирање, кофинансирање, и самофинансирање од страна на обучуваните.

Во областа на планирање, договарање и супервизија на програми и проекти главни партнери на средните училишта им се: Центарот за стручно образование, МОН, партнери, центри за обуки и оценувања, додека спроведувањето на активностите го извршуваат во соработка со МОН и Центарот за стучно образование.[42]

## I.8 Фактори за процесот на учењето на возрасни

Општо е познато дека постојат значителни разлики во поглед на психосоцијалната развиеност меѓу детето, адолесцентот и возрасниот човек, а со самото тоа и разлики во учењето и осознавањето.

Постојат 10 најчести и специфични фактори кои се однесуваат на возрасните коишто учествуваат во процесот на доживотното учење, а можат да им помогнат на наставниците/ едукаторите и на сите оние коишто работат со возрасни лица во прилагодувањето на начинот на работа и подобро разбирање на возрасните ученици:

1. **Фактор на мотивација** - ако постои причина, намена или цел поради која учествува во процесот на едукација (настава, обука, семинар итн.), тогаш возрасното лице ќе биде мотивирано. Во тој случај наставникот повеќе треба да се насочи кон методите и техниките на усвојување на знаење и развивање на вештини, а помалку кон мотивациски стратегии.

2. **Фактор на контрола** - возрасните имаат вродена потреба за контролирање на нивниот живот. Тие треба да бидат самонасочени и да ја превземат одговорноста за себе. Тие сакаат да имаат активна, а не пасивна улога во сопствениот развој и напредување.

[42] Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија,CONFITEA VI Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, (2008). стр.20-21

3.**Фактор на искуство** - свесно или подсвесно, возрасните го поврзуваат новонаученото со она што веќе го знаат, што го осознале, било преку животното искуство или преку процесот на образование. Тие ги проценуваат новите информации/идеи/знаења според веќе постоечкото искуство.

4.**Фактор на различност** - возрасните меѓусебно се разликуваат по животното искуство и годините. Тие разлики можат да го оплеменат процесот на образование со практикување на заеднички дијалози и групни дискусии или проекти. Заради тоа наставниците би требало да обезбедат „размена на различности" во вид на поврзување на учесниците, но исто така и да го прилагодат својот пристап кон различните стилови на учење.

5.**Фактор на годините** - брзината на учење опаѓа со годините, но длабочината на разбирање/учење се зголемува. Со учење, возрасните ја тренираат „флексибилноста на мозокот" кон новите информации и знаења и ја зголемуваат можноста за „впивање" на истите.

6.**Фактор на целта** - возрасните се образуваат со некоја одредена цел и сакаат да го применат наученото што е можно побргу. Тие сакаат информациите да им се презентираат на организиран, систематски начин со клучни елементи кои се јасно дефинирани.

7.**Фактор на релевантност** (важност) - возрасните сакаат да ја знаат причината поради која нешто учат. Тоа треба да биде применливо или на професионален или на личен план. Поради тоа едукаторите, при дефинирање на целите на програмите треба да обрнат внимание врз тоа теориите и концептите да се соодветни на потребите на учениците.

8.**Фактор на навики** - возрасните често имаат навики кои понекогаш се спротивни од она што сакаме да ги научиме. Тогаш се јавува отпор и помал степен на флексибилност, па е потребно да се вложи повеќе време во уверување на „исправноста", целноста и функционалноста на информациите кои се презентираат/подучуваат, во спротивно возрасните може да се почувствуваат „загрозено и нападнати во границите на нивните безбедносни зони". Поради тоа на возрасните ученици треба да им се даде на знаење дека нивните втемелени идеи и мислења имаат вредност и тежина.

9.**Фактор на промени** - додека некои возрасни се мотивираат од промени, другите пак даваат отпор кон нив. Учењето обично бара промени на ставовите, она во што веруваме, обликот на однесување и начинот на работа. Затоа е многу важно на возрасните ученици да им се објасни секое „Зошто?“ и „Како?“ во процесот на пренесување на нови информации.

10.**Фактор на почитување** - сите заслужуваат почитување - возрасните тоа го очекуваат и бараат. Почитување може да им се искаже на начин да им се дозволи да ги искажат нивните сопствени идеи и мислења.[43]

## I.9 Краток историјат на Работничките универзитети

Традицијата на постоење на образовни институции за возрасни на територијата на Македонија датира уште од 1920 год, кога Македонија била под српска јуриздикција.

Првите институции за образование на возрасните се народните универзитети. Првиот народен универзитет се основа во Скопје, во рамките на Филозофскиот факултет, а наскоро и во Битола. Во наредните години народните универзитети се отвораат ширум територијата на денешна Македонија: во Тетово, Дебар, Берово, Велес, Прилеп, Радовиш, Струмица и Штип. Народните универзитети имале и сопствен Сојуз кој ги штител нивните интереси и ги поткрепувал разните програмски активности кои биле тесно врзани со интересите на локалното население, а во преден план била општата просвета. Денешните работнички/отворени граѓански универзитети за доживотно учење во Македонија почнуваат да се формираат во 1953 година. Тие доживуваат мошне брз динамичен развиток, поминувајќи во неколку развојни фази.[44] Работничките универзитети првин се отвориле во градовите: Скопје, Штип, Струмица, Прилеп и Гостивар. Веќе наредната година се формираат и во Велес, Куманово, Тетово, Охрид и Пробиштип. Една година подоцна во Битола и Кочани. Во периодот од 1957-1965 работничките универзитети се присутни во сите градови низ Македонија.

Од 1958 година со донесување на Општиот закон за школство образованието за возрасни во тогашна СФРЈ добива посебно место и улога, а

---

[43]Андрагошки прирачник за образовна работа со возрасни (2013)Скопје:dvv international ,стр.25
[44]Камберски, К. (1994). *Од буквар до универзитет,* Скопје: Просветно дело, стр.180

работничките универзитети се третираат како синдикални организации, а основачките права и обврски за создавање финансиски и други услови за нивна дејност ги преземаат собранијата на општините.

Називот на работнички универзитети е избран за да се нагласи нивната посветеност кон работничката класа, односно кревањето на нејзиното воспитно-образовно и културно ниво заради нејзино оспособување успешно да владеат со севкупните процеси, прашања и проблеми на производството и самоуправувањето и на културното творење и живеење.

Работничките универзитети по своја насоченост и програмска заснованост веќе во тој период успеале да се развијат во установи за интегрално образование на возрасните, односно за образование кое е насочено кон задоволување на потребите на вкупното манифестирање и потврдување на личноста на возрасниот човек.[45] Како институции со поливалентна функција за образование и културно издигнување на возрасните, работничките универзитети својата дејност ја развиваат врз следните образовни подрачја: марксистичко, општествено-економско и политичко образование; стручно-техничко образование, оспособување и усовршување; воспитување и обука за одбрана и заштита; културно-уметничка дејност; информативна и издавачка дејност.[46] Овие програмски содржини биле реализирани преку катедри кои подоцна прераснале во центри: центар за марксистичко, општествено-економско и политичко образование; центар за стручно-техничко образование и оспособување; центар за општо образование; центар за одбрана и заштита; центар за култура. Покрај образовна дејност, работничките универзитети вршеле уште две дејности: инструктивна и консултативна дејност како и истражување и програмирање на образовната работа.

Во периодот 1968-1971 година, половина од тогаш постојните универзитети ја губат својата самостојност и стануваат организациони единици во состав на други културно-образовни установи. Па така од вкупно 28, само 14 од нив остануваат како самостојни работни организации.

---

[45]Самоловчев, Б.(1981). *Основи на андрагогијата.Скопје:* Универзитетска печатница Кирил и Методиј стр.103

[46]Развојот и дејноста на Работничките и Народните универзитети во СР Македонија во периодот (1953-1988),(1990) Сојуз на работнички и народни универзитети стр.6.

При крајот на 50-тите, почетокот на 60-тите години почнуваат да се организираат курсеви за работно оспособување, за усовршување, доквалификација и преквалификација од доменот на занаетчиството, малото стопанство, домаќинството, административно-технички работи, па дури и менаџментот (оспособување раководни кадри преку интензивни курсеви и семинари). Па така на програмата на работничките универзитети уште од 1959 година фигурираат курсеви за кројачи и шијачи, РТВ механичари, одржувачи на парни котли, фризери и козметичари, пожарникари ... итн.

Во седумдесеттите работничките универзитети почнуваат да наликуваат на американските комунални колеџи. Работнички универзитети организираат подготвителна настава за вонредни студенти на соодветни виши школи и факултети.

На почетокот на 90-тите години, работничките универзитети влегуваат во периодот на транзиција и ги чувствуваат последиците од неа. Тие наеднаш се наоѓаат на маргините на општеството, државата и нејзините основачи не покажуваат никаков интерес за нив, и со непостоењето на законска рамка тие продолжуваат да функционираат како даватели на услуги за образование за возрасни врз основа на самофинансирање. Но, повеќедецениското опстојување и стекнатото искуство им овозможува да ги искористат потребите на пазарот на труд и активно да се вклучат во задоволување на потребите од вештини и знаења за новонастанатите услови кои сè повеќе ги наметнува брзиот технолошки развој. Така работничките универзитети меѓу првите исфрлаат курсеви за информатичко образование и странски јазици кои долго време ќе бидат најпосетуваните курсни форми.[47]

Основањето на проект бирото на ДВВ – Интернационал во Скопје 1997, давал силна поддршка на работничките универзитети и во секој поглед ги јакнел капацитетите на овие институции од обнова на внатрешната инфраструктура до усовршување на наставниот, административниот и раководен кадар. Работничките универзитети се вклучуваат во создавање и реализација на проекти со различни цели и со разновидни целни групи, но се става нагласка врз социјално загрозени и маргинализирани групи. Тие почнуваат да вршат силно влијание во

---

[47]Стратегија за развој и концепт за финансирање на отворените граѓански универзитети/Работнички универзитети, (2013), Скопје DVV international, стр.28

своите средини преку едукација и обука и стануваат еден од најсилните, ако не и единствени континуирани поддржувачи во неформалното образование, образованието за возрасни и доживотното учење. По затворање на канцеларијата на ДВВ Интернационал во Скопје, овие институции го губат најголемиот поддржувач и долгорочен партнер. Работничките универзитети кои се борат да одржат чекор со останатите понудувачи на слични услуги, програмата ја збогатуваат и со курсеви за деца од основно и средно образование, претежно од областа на странските јазици, информатика, како и курсеви од областа на културното творење и живеење.

Со сето тоа овие институции даваат значителен придонес во ублажувањето на невработеноста, а со наставата за основно образование за возрасни, може да се рече дека нивниот удел во намалувањето на неписменоста во минатото бил најголем, за што сè уште постои потенцијал. Овие институции веќе одамна се на маргините на образовниот систем во нашето општество, исто онака како што ги дефинира во својот говор Обама и комуналните колеџи во Америка: „сирачиња на образовниот систем во Америка, како последна мисла, ако воопшто и некој размислува за нив“.[48]

Учеството во Работничките и Народните универзитети, кои нудат различни образовни програми за возрасни е во евидентно опаѓање (Табела 1). Најголем број на учесници во последните години се бележат во наставата по странски јазици и информатика.

| Бр | Работнички унверзитети во Република Македонија | Број на вработени | | Семинари и курсеви | | Учесници кои посетувале курс или семинар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1997 | 2002 | 1997 | 2002 | 1997 | 2002 |
| 1 | Скопје | 72 | 60 | 323 | 25 | 5 154 | 2 440 |
| 2 | Берово | 3 | | 2 | | 26 | |
| 3 | Битола | 27 | 7 | 16 | 10 | 528 | 577 |
| 4 | Велес | 0 | 9 | 0 | 15 | 0 | 1001 |
| 5 | Гевгелија | 5 | | 0 | | 0 | |
| 6 | Гостивар | 18 | 5 | 12 | 15 | 232 | 632 |
| 7 | Кавадарци | 5 | 3 | 3 | 9 | 37 | 339 |
| 8 | Кичево | 17 | 4 | 14 | 25 | 94 | 90 |
| 9 | Кочани | 6 | 3 | 3 | 5 | 68 | 80 |

[48]Исто- стр.29

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Крива Паланка | 3 | | 7 | | 143 | |
| 11 | Куманово | 32 | 6 | 14 | 16 | 358 | 1286 |
| 12 | Неготино | 16 | 6 | 46 | 8 | 657 | 693 |
| 13 | Охрид | 12 | 2 | 13 | 13 | 177 | 340 |
| 14 | Прилеп | 17 | 7 | 6 | 7 | 74 | 1109 |
| 15 | Пробиштип | 8 | 1 | 20 | 8 | 265 | 271 |
| 16 | Радовиш | 6 | | 2 | | 0 | |
| 17 | Свети Николе | 3 | | 0 | | 29 | |
| 18 | Струмица | 28 | 8 | 49 | 16 | 642 | 752 |
| 19 | Тетово | 20 | 8 | 19 | 7 | 459 | 403 |
| 20 | Штип | 20 | 7 | 23 | 8 | 411 | 883 |

**Табела 1: Работнички унверзитети во Република Македонија и нивни активности**

Извор: Државен Завод за Статистика на РМ, Статстичка годишна книга на РМ, 2000; Здружение на Работнички Универзитети на РМ, 2002

Покрај економските причини за намалување на учесници во овие институции големо влијание имаат и формирањето на поголем број на приватни организации и фирми кои се занимаваат со оваа дејност, голем број на најразлични обуки се спроведуваат преку АВРМ (за невработени лица), невладиниот сектор и меѓународните институции и организации.[49]

## I.10Дејност на Работничките универзитети

Отворените граѓански универзитети за доживотно учење се јавни, мешовити или приватни установи кои вршат дејност од јавен интерес. Во отворените граѓански универзитети за доживотно учење се реализира формално и неформално образование на младите и возрасните лица.

1. **Формално образование** на младите и возрасните лица опфаќа:

-основно образование за возрасни,

-средно образование за возрасни,

- стручно оспособување,

- стручно образование за занимање,

- техничко образование и

[49]Стратегија за образование на возрасните 2010-2015, (2010)Скопје: Совет за образование на возрасни.

-постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација.

Основното образование за возрасни се изведува во јавни отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа како редовно и вонредно образование.

Средното образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација се изведува во јавни, мешовити и приватни отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа како редовно и вонредно образование.

2.**Неформално образование** на младите и возрасните лица, означува организирани процеси на учење насочени за оспособување на младите и возрасните лица за работа, за различни социјални активности или личен развој согласно со Законот за образование за возрасни.

Дејноста на овие установи претежно се состои од курсеви од доменот на општото и стручното образование, од неформален но и формален тип. Најистакната образовна форма од формален тип кај овие установи секако е основното образование за возрасни. Преку оваа образовна форма Работничките универзитети даваа голем удел во намалување на неписменоста, што може да се види од бројот на кандидатите кои поминале низ некои од овие установи. Најголемиот дел од активностите од кои се состои дејноста на овие установи е од доменот на неформалното образование, како општо и стручно, и тоа во доменот на општото образование во деведесеттите па и до средината на двеилјадитите доминираат странските јазици и ИКТ курсевите.

Најголем број форми од неформалното образование секако се од доменот на стручното образование. Најдоминантни форми од стручното образование се обуките за компетенции кои овозможуваат самовработување: фризери, козметичари, масери, сметководители, како и обуки од медицинската струка, како на пример болничари за кои последниве години постои зголемен интерес.

Некои работнички универзитети имаат развиено програми кои се обавуваат исклучително во нив, како на пр. во Ванчо Прке Штип каде веќе неколку години по ред се врши обука за обезбедување и во ОГУ Неготино, безбедност и заштита

при работа, додека пак во ОГУ„Јоска Свештарот” Струмица се истакнува електронското учење.

За квалитетно реализирање на програмите од општото и стручното образование овие установи склучуваат договор со стручни лица од соодветната струка, како стручни соработници. Инаку, Работничките универзитети во просек имаат по три до четири редовно вработени лица.[50]

## I.11 Учесници и услуги

“Ученик” е лице кое ги користи услугите на отворените граѓански универзитети за доживотно учење од областа на формалното образование на младите и возрасните лица согласно со Законот за образование на возрасните.

“Учесник” е лице кои ги користи услугите на отворените граѓански универзитети за доживотно учење од областа на неформалното образование на младите и возрасните лица согласно со Законот за образование на возрасните.[51]

Работничките универзитети ги нудат своите услуги на широк опфат учесници од петнаесетгодишна возраст и без горна возрасна граница, а од доменот на општото неформално образование, посебно странските јазици и ИКТ како учесници се јавуваат и деца од седумгодишна возраст па натаму. Профилот на учесниците според нивото на образование е најразличен, од лица кои немаат оформено основно образование, најчести учесници во основното образование за возрасни, до лица со универзитетско и постдипломско образование.

Посебен фокус се става врз учесници без квалификации кои преку програмите за работно оспособување ќе ги зголемат шансите за вработување. Во таа насока е и активното учество на разни проекти со невработени лица како дефинирана целна група. Покрај големиот избор од програми за најразновидни обуки од неформален тип овие установи спроведуваат и испити за работно оспособување за лица кои веќе имаат долгогодишно искуство во одредена струка и ги стекнале потребните компетенции по информален пат, но немаат никаков документ со кој тоа и би го докажале. Освен испитите за работно оспособување се спроведуваат и испити за вреднување на претходно стекнати знаења од областа на

[50]Стратегија за развој и концепт за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење/Работнички универзитети(2013), Скопје:dvv international стр.37-38

[51] Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011 и 41/2014).

странските јазици и ИКТ со цел на кандидатите да им се утврди нивото на стекнатите знаења и вештини од спомнатите области и да издаде документ за нивото на нивните знаења и вештини, кои вообичаено им е потребен за вработување. Сепак, непостоењето на национална рамка на квалификации не ги создава потребните услови за поголемо ниво на професионализам во утврдување на нивото на стекнатите компетенции по информален пат.[52]

### I.12 Улога во описменувањето

Писменоста како идеја и како движење е присутна и во историјата на југословенските народи, во кој спаѓал и македонскиот народ. Имено во почетокот на 19 век кога започнала културната преродба во Македонија започнал и пробивот на македонскиот јазик во писмена употреба. Се појавиле и првите македонски автори (Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ) чии дела од религиозен и црковен карактер се печателе на македонски јазик. Во средината на 19 век во Македонија се забележуваат почетоците на граѓанската литература благодарение на Димитар и Константин Миладинови (Браќата Миладоновци), кои го будат интересот на македонскиот народ за описменување на мајчин јазик.[53]

Според Шефика Алибабиќ, во развојот и усовршувањето на концепцијата за описменување, може да идентификуваме 4 периоди во меѓународни рамки:

- период од 1945-1964;
- период од 1965-1974;
- период од 1975-1980;
- период од 1981 до денес.[54]

Работничките универзитети беа најголеми промотори на описменувањето во Македонија. Тие со децении беа единствените установи каде се спроведуваше основното образование на возрасните. Во ОГУ „Кочо Рацин"- Скопје имало вкупно 22000 кандидати, во „Ванчо Прке"- Штип во периодот од 1991-2012 поминале вкупно 2184 кандидати, во ОГУ „Јоска Свештарот"- Струмица имало 402 кандидати итн... Во овие установи биле реализирани неколку проекти кои

---

[52] Исто 50- стр.39

[53]Ризова,Е. (2015). *Возрасните и писмената* Скопје: *Универзитет*„Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, стр.13

[54] Alibabić, Š. (1994), Funkcionalna pismenost I samoobrazovanje, Beograd: Institut za pedagogiju I andragogiju Filozofskog fakulteta, str.7

имале за цел да описменат одредена категорија на граѓани како на пример програми за описменување на Роми, финансирани од УНИЦЕФ, ФИОО, ИИЗ, ДВВ, ИОМ, Совет на општина Штип, во периодот од 2005 до 2011, а некои работнички универзитети оствариле соработка и со месните затвори за описменување на затворениците, проект финансиран од МОН во периодот од 2008-2011.[55]

Според УНЕСКО-виот институт за статистика, официјално толкување на писменоста во Република Македонија се врши според Пописот на населението од 2002 година: „Секоја личност која завршила повеќе од три одделенија од основно образование се смета за писмена. За писмена ќе се смета и онаа личност без училишна квалификација, но со завршени 1-3 одделенија, која знае да чита и пишува одредена композиција (текст) поврзан со секојдневниот живот (односно да знае да прочита и напише писмо без оглед на јазикот и азбуката). Односно, доколку личноста нема образование или пак завршила само 1-3 одделенија и не знае да прочита и напише композиција (текст) поврзан со секојдневниот живот (да прочита и напише писмо), тогаш таа личност ќе се смета за неписмена."[56]

## I.13 Улога во намалување на невработеноста

Невработеноста е еден од најголемите проблеми на земјата и во голема мера влијае на нивото на сиромаштија, социјалната исклученост, искористеноста на ресурсите и на општото ниво на економски раст.[57]

Преку своите обуки за работно оспособување, Работничките универзитети ја зголемуваат вработливоста на учесниците и ја подобруваат нивната конкурентност. Посебно голем придонес овие установи даваат од аспект на самовработувањето, обезбедувајќи ги неопходните компетенции за одредени струки, преку кратки програми, фокусирани на одреден сет знаења и вештини.

Работничките универзитети активно се вклучуваат и на проекти чија цел е зголемување на вработливоста на подолго невработени лица. Проектот во

---

55 Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија, CONFITEA VI Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008 стр.29

56 Дефинирање на писменоста во Р.М. според УНЕСКО-виот институт за статистика (UNESCO Institute for Statistics (2001) Education Indicators and Data Analyses, UNESCO

57 Башевска, М. (2014) *Политиките на пазарот на труд и сиромаштијата во Македонија 2008-2013*, Скопје: Левичарско движење „Солидарност" стр.18

организација на УНДП или поточно програмата YES, која преку скратени обуки за разни компетенции имаше за цел да оспособи млади луѓе кои ќе ги зголемат шансите за вработување. Проектот е реализиран 2002-2003 во повеќе Работнички универзитети ширум Македонија со што е постигната масивност во вклучувањето во намалување на невработеноста. [58]

Соработката на андрагошките установи со стопанските субјекти мора да се реанимира и да се подигне на повисоко ниво, подразбирајќи притоа организација која била поставена на курикулуми кои ќе остваруваат теоретски и практични активности на корниците. На тој начин, врските: невработени-образование (обука)-работно искуство-работно место би се оптимализирале, со што би се зголемиле шансите за остварување на динамична и поуспешна политика за вработување.[59]

Лицата кои се долгорочно невработени се изложени на опасност од намалување и губење на нивните вештини и квалификации и со тоа дополнително влошување на можностите за вработување. Високата стапка на невработеност кај младите лица и големиот процент на долгорочно невработени лица, создаваат состојба на „статичност" на пазарот на труд, односно ситуација во која заради малото ниво на креирање на нови работни места, вработените имаат тенденција да останат вработени, а оние кои бараат вработување подолг период – да останат невработени. Овие состојби освен што имаат исклучително негативен ефект врз долгорочно невработените лица и младите неискусни лица кои прв пат влегуваат на пазарот на труд, можат да имаат негативен ефект и на самите вработени лица, бидејќи создаваат поволно тло за злоупотреба на работничките права особено доколку не постои ефективна институционална правна заштита во овој домен.[60]

Работничките универзитети дале значаен дел и во создавањето на локални акциони планови за намалување на невработеноста, што претставува позитивен пример на користење богато искуство на Работничките универзитети во

---

[58] Исто 55- стр.30
[59] Велковски, З. (2005), *Lacrimae Mundi,* Скопје: Педагошки завод на Р. Македонија, стр.344
[60] Башевска, М. (2014) *Политиките на пазарот на труд и сиромаштијата во Македонија 2008-2013,* Скопје: Левичарско движење „Солидарност" стр.22

локалните образовни политики и на ова во иднина би требало да се посвети внимание.[61]

## I.14 Финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење

Според Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.36 од 23.03.2011 година) средствата за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење може да се обезбедат од: сопствени приходи од извршени услуги, од основачот, од Буџетот на Република Македонија, како и од легати, подароци, донации и од други извори.

Најголемиот дел од средствата овие установи ги обезбедуваат преку наплата од учесниците за услугите кои истите ги нудат. Други извори на финансирање Работничките универзитети наоѓаат во реализација на најразновидни проекти кои се финансираат од разни фондации. Сепак, непостоењето стабилен извор на финансирање во голема мерка го отежнува работењето и влијае врз квалитетот на услугите.[62]

Поради значајната улога на овие установи, неопходно е во наредниот период да добијат конкретен модел на финансирање кој во почетна фаза би се потпирал врз:

-користење фонд за стекнување и доофрмување основно образование на возрасни,

-користење фонд за доживотно учење,

-алтернативни фондови.

Активностите за постигнување на овие цели треба да ги дадат следните резултати:

-да се обезбедат стабилни финансиски извори,

-да се зголеми ефикасноста во работењето/поефикасно извршување на работните задачи,

-да се зголеми мотивацијата за усовршување на наставниот кадар,

---

[61] Исто 58-стр.30

[62] Стратегија за развој и концепт за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење/Работнички универзитети(2013), Скопје:dvv international стр.43

-да се постигне степен на континуирано намалување на неписменоста.[63]

## I.15 Управување и раководење со отворените граѓански универзитети за доживотно учење

Според Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење: **Орган на управување** на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е управниот одбор. Управниот одбор го сочинуваат пет члена. Управниот одбор на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење: - го донесува статутот на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, - спроведува постапка за именување и разрешување на директор, - ја донесува годишната програма за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и ја доставува на усвојување до основачот, најдоцна до 1-ви ноември, - го донесува годишниот извештај за работа на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење и го доставува до основачот, најдоцна до 1-ви март, - ја донесува завршната сметка, - го донесува годишниот финансиски извештај за отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, најдоцна до 1-ви март, - дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работните места на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, - одлучува по приговорите и жалбите во врска со работниот однос на вработените во отворениот граѓански универзитет за доживотно учење, - донесува деловник за својата работа и - врши други работи утврдени со закон и статутот.

Со отворениот граѓански универзитет за доживотно учење **раководи** директор. Директорот се именува за време од четири години и може повторно да биде именуван за уште еден мандат.

**Стручен орган** на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е наставничкиот совет. Наставничкиот совет на отворениот граѓански универзитет за доживотно учење го сочинуваат наставниците и стручните соработници. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.[64]

[63]Исто
[64]Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011 и 41/2014).

## I.16 Надзор над квалитетот и работата на установите и институциите за образование на возрасни

Квалитетот и работата на установите за образованието на возрасните се под надзор на Државниот просветен инспекторат и Центарот за образованието на возрасните.

Државниот просветен инспекторат врши инспекциски надзор и надзор над квалитетот на работата на верификуваната установа/институција за образование на возрасни. Инспекцискиот надзор се спроведува според дефинирани критериуми од страна на Министерството за образование и наука и се спроведува од овластени лица од Државниот просветен инспекторат.

Центарот за образование на возрасните врши стручен надзор над работата на установите и институциите за образование на возрасните. Мониторинг и надворешна евалуација ќе се спроведува според дефинирани критериуми од центарот за образование на возрасни и ќе се спроведува од овластени лица од страна на Центарот за образование на возрасни. Мониторинг-извештаите за реализацијата на верифицираните програми за образование на возрасни ги подготвува Центарот за образование на возрасни. Тие се темелат на извештаите од извршената надворешна и внатрешна евалуација и посетите од страна на Центарот за образование на возрасни во просториите на установата/институцијата за образование на возрасни.[65]

## I.17 Концепт на доживотно учење во Република Македонија

Како и во останатите европски земји, образовната политика во Република Македонија треба да обезбеди можности за стекнување соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да се осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и на пазарот на трудот што воедно е и целта на доживотното учење.

За концепцијата на доживотното учење говори и Дивна Лакинска сметајќи дека доживотното учење не е само дел од образовниот процес туку дека тоа повеќе претставува дел од филозофијата кој ги поттикнува луѓето на потрагата по знаење.

---

[65]Исто 62-стр.24

"Луѓето се жедни за знаење кое ќе им го подобри квалитетот на работата и секојдневниот живот" (Лакинска, 2006, стр.117). Дивна Лакинска говори за три генерални фази на доживотното учење во Република Македонија:

1.Фаза на доминација на *пленарниот карактер на формите на доживотното учење до 1985 година,* во која фаза се земале учество повеќе од 100 учесници;

2.Фаза на распространетата *организација на едукативни курсеви за минорните општествени групи* , во која земале учество само 30 учесници, а нејзиното времетраење било од 1985 до 2005 година;

3.Фаза на *формите кои се јавува доживотното учење (2005 до денес)* овозможува од многу формални и неформални институции за 30 учесници.

Заедничка карактеристика за сите три пристапи на доживотното учење се:

- Популарноста на доживотното учење;
- Концептото на доживотното учење;
- Професионално водство на концептот на доживотно учење[66]

Поимот **доживотно учење** има временска димензија: станува збор за учење за време на целиот живот; ова учење може да се одвива континуирано или во одредени интервали. Новиот поима на "учење што се провлекува низ цел живот"носи нова димензија што може да се осврнува на "просторниот" размер на учењето кое што може да се одвива во сите животни сфери и фази. Димензијата што се провлекува низ целиот живот ја истакнува комплементаритарноста на формалното, неформалното и информалното учење.[67]

### I.17.1 Актуелноста на проблемот со доживотно учење

Постојат две подеднакво важни причини за тоа:

-Прво, Европа се пресели кон општество и економија базирани на знаење. Повеќе од било кога доаѓа до израз потребата за свежи информации и знаење-како клуч за подобрување на вработливоста на луѓето и адаптибилност на пазарот на трудот;

[66]Ризова, Е. (2008) *Доживотно учење* (интерен материјал), Филозофски факултет:Скопје стр.13
[67]Livelong Learning and Lifewide Learning, National Agency for Education, Stockholm, January 2000

-Второ, едукацијата односно учењето, во негова најширока смисла е клучот кон разбирањето и адаптирањето кон предизвиците на културната, етничката и јазичната различност (дивергентност).

Овие две причини произлегуваат од двете подеднакво важни цели на доживотното учење: промовирање на активно граѓанство и промовирање на вработување кои се разработувани во Меморандумот за доживотно учење на Европската комисија.[68]

***Активно граѓанство*** се фокусира на прашањето дали и како луѓето партиципираат во сите сфери на социјалниот и економскиот живот, шансите и ризиците кои тие ги преземаат во општеството во кое живеат.

**Вработеноста** - способноста за обезбедување и задржување на работа, не е само суштествена димензија на активното граѓанство, туку е и "одлучувачки фактор кој ја подобрува европската компетитивност и просперитет во новата глобална економија".[69]

И вработеноста и активното граѓанство зависат од најновите "up date" знаења и вештини со чија помош може единствено да се направи придонес кон економскиот и социјалниот живот во општеството.

Европските образовни системи и системи за обука мора да се претворат во јадро од ќе почнат промените, поради што и самите мора да се адаптираат.[70]

Европската комисија во 2000 година изгласа шест основни пораки кои треба да послужат како патоказ во градењето на развојните програми за образование на возрасните и доживотното учење:

1.Градење на инклузивно општество кое нуди еднакви можности за пристап кон квалитетно учење за сите луѓе во текот на целиот живот;

2.Подеднакво приспособување на начините кои образованието и обуката ги нудат за луѓето да можат да партиципираат во процесот на учењето и да можат самите да планираат како ќе ја креираат својата иднина;

---

[68]Исто 66-стр.6

[69] Европска комисија: Меморандум за доживотно учење, Брисел, 2000,стр5

[70] A Memorandum on Lifelong Learning, 2000, стр.5

3.Постигнување на повисоки нивоа на едукација и квалификации во секој сектор, овозможувајќи им на знаењата и вештините да соодветствуваат со барањата на работните места, професиите и работните организации;

4.Поголеми инвестиции во човечките ресурси;

5.Иновации во предавањата и учењето;

6.Евалуација на учењето;

7.Развивање на советодавни служби и служби за професионална ориентација; и

8.Просторно доближување на учењето до луѓето.[71]

Република Македоија во целост ги прифаќа овие пораки и пораките произлезени од документот "Градење на европски простор за доживотно учење" кое претставуваат јасна основа за нејзината стратегија за образованието на возрасните во контекст на доживотното учење, фокусирани во :

-развој на партнерски пристап,

-утврдување на образовни потреби-поединци, организации, пазар на труд и поширока општествена заедница,

-осигурување на соодветни ресурси: финансиски, материјални, кадровски, создавање на култура за учење со зголемување на образовни можности, зголемување на учесници/корисници, создавање на "организација која учи" и "заедница која учи",

-воспоставување на механизми на проценка и осигурување на континуиран развој и унапредување.[72]

## I.18 Промовирање на концептот на доживотно учење во Р. Македонија

### I.18.1 Деновите на доживотно учење

Деновите на доживотно учење претставуваат национална образовна кампања која има за цел да го поттикне остварувањето на идејата за промоција на учењето и образованието. Доживотното учење се однесува на учење за време на целиот живот заради унапредување на знаењето, вештините и компетенциите во

[71]Европска комисија: Меморандум за доживотно учење, Брисел, 2000
[72]Европска комисија:Градење на европски простор за доживотно учење, Брисел, 2001

рамки на личното, граѓанското, општественото или професионалното делување на поединецот. Деновите на доживотно учење во 2016 година по 13-ти пат се одбележани во четири општини и тоа: Тетово, Кичево, Охрид и Струмица. Манифестацијата е организирана од страна на Центарот за доживотно учење во рамките на националниот проект, финансиран од страна на DVV Inetrnational од Бон, за промовирање на структурите на образованието на возрасните. Акцентот на оваа кампања е ставен на интензивирање на соработката со локалната самоуправа и подигање на свеста на општините и нивните чинители за значењето и важноста на доживотното учење и улогата и одговорноста што ја имаат локалните власти во градењето на култура на учење и отворањето на пристапот до образование за сите граѓани.[73]

### I.18.2 Кампања за доживотно учење

1996 година е прогласена за Европска година на доживотно учење од страна на советот на Европа, а со тоа започна поинтензивниот развој на оваа идеја. Доживотното учење ги вклучува сите форми на учење: формално, неформално и информално во сите фази и сфери во животот на луѓето започнувајќи во раното детство и вклучувајќи го и третото доба. Идејата за доживотно учење треба да биде уште повеќе популаризирана и дисеминирана преку најразлични активности и форми како на пример Фестивалите на доживотно учење, кои во Република Македонија се одржуваат традиционално секоја година. Во 2002 година по иницијатива на Институтот за меѓународна соработка на германскиот сојуз на народни универзитети (*двв интернатионал*) во соработка со Министерството за образование и наука на Р. Македонија и поддржано од голем број на организации и институции во земјата се одржа првиот Фестивал за доживотно учење во Македонија. Секоја година Фестивалот поврзува голем број на организации и институции, кои организираат најразлични манифестации: конференции, семинари, обуки, образовни саеми, практични работилници, изложби итн. кои активно придонесуваат за промоција на Доживотното учење во целата држава. Овие манифестации се отворени за пошироката јавност, така да граѓаните од различни возрасни групи имаат можност да учествуваат на манифестациите и да се информираат, кои можности постојат за нивно понатамошно образование.

---

[73] http://www.lifelonglearning.mk/mk/aktivnosti/denovi-na-dozhivotno-uchenje-vo-makedonija-oktomvri-2016

**Фестивалите на доживотно учење во Македонија** имаат најразлични цели. Покрај тоа што се занимаваат со одредени, специфични теми, тие исто така опфаќаат и поопшти теми и со тоа обезбедуваат широка платформа од специфични и општи информации за заинтересираната популација. Некои од општите теми се следниве:

- да и се објасни на што поголем дел од популацијата важноста од образование и доживотно учење;
- да се зголеми учеството во процесот на учење или нудење образовни услуги;
- да се презентираат сегашните образовни понуди на најразлични начини;
- да се развие позитивен пристап кон учењето ;
- да се објаснат придобивките од образованието;
- да се насочи вниманието на релевантните владини агенции кон потребата од воспоставување единствен систем и законска рамка за да се поддржи доживотното учење;
- да се зајакне мотивацијата за учење, посебно меѓу невработените и припадниците на различните заедници, од сите возрасти;
- промовирање на вработливоста;
- справување со невработеноста преку доживотно учење;
- подигнување на стандардите на понудувачи на образовни услуги во земјата; промовирање нови наставни методи;
- меѓународна соработка.[74]

Овој настан финансиски е подржан од страна на ДВВ Интернационал (Бон, Германија), кој со присуството и работата придонесува за развојот на образованието на возрасните во Република Македонија. Соработката и поддршката на оваа организација е од огромно значење за образовниот напредок на нашата земја, како и нејзиното приближување до Европската Унија.

[74]Стратегија за образование на возрасни 2010-2015, (2010) Скопје: Совет за образование на возрасните.

### I.18.3 Учесници во доживотното учење

Програмата доживотно учење е отворена за сите кои се инволвирани во образование или обуки:

- Ученици, студенти, лица кои се обучуваат и возрасни ученици;
- Наставници, обучувачи и различен персонал вклучен во било кој аспект на доживотното учење;
- Луѓе во пазарот на труд;
- Институции или организации кои нудат можности и програми за учење во областите образование или обуки;
- Лица и тела одговорни за системи и политики поврзани со било кој конкретен аспект на доживотното учење на локално, регионално и национално ниво;
- Претпријатија, социјални партнери и нивните организации на сите нивоа, вклучувајќи трговски асоцијации и стопански комори;
- Тела кои нудат помош, советување и информациски сервиси поврзани со било кој аспект на доживотното учење;
- Асоцијации кои работат во полето на доживотно учење, вклучувајќи студенти, лица кои се обучуваат, ученици, родители и асоцијации на возрасни ученици;
- Центри за истражување и тела активни во областите на образование и тренинг;
- Непрофитни организации, волонтерски тела, невладини организации.[75]

## I.19 Карактеристики на учењето кај возрасниот човек

Учењето е фундаментален човечки феномен. Луѓето учат постојано (деца, млади, возрасни, стари), иако често не се свесни дека го прават тоа. Според традиционалното педагошко сфаќање, учењето е процес на стекнување на знаење низ настава и образование, што е премногу ограничена дефиниција за учење.

---

[75]http://archive.na.org.mk/

### I.19.1 Карактеристики на учењето кај децата и возрасните

- Детето ја чувствува својата зависност од возрасните - возрасните се свесни за својата слобода и самостојност;

- Детето нема богато искуство - возрасните располагаат со резервар полн со акумулирано животно искуство;

- Детската подготвеност за учење често е поврзана со односот кон надворешен авторитет - учењето на возрасните е детерминирано со социјалните улоги;

- Детето ја одлага примената на знаењето - возрасните се концентрираат на резултатите од учењето („каде и како користи ова...”?)

- Детето го усвојува непознатото - возрасните го реинтерпретираат познатото;

- Детето си дозволува да греши - возрасните се во состојба на анксиозност и амбиваленција кога станува збор за (формално) учење.

ПРИМЕРИ за разлики помеѓу децата и возрасните во процесот на учење - разлики во претпоставките и обележјата

| Претпоставки за ученикот/учесникот | Педагошка работа | Андрагошка работа |
|---|---|---|
| слика за себе | зависност | самоумереност |
| искуство | Мало,вредно | богат спектар на искуство |
| подготвеност | био-психолошки развој и социјален притисок | развојни задачи и социјални улоги |
| време | одложена примена | непосредна примена |
| ориентација во учењето | насоченост кон проблемот | насоченост кон проблемот |

*Табела бр.2 Споредбени разлики помеѓу учењето на децата и возрасните*

Обележја на учењето/подучувањето во педагошката и андрагошката работа

| Обележја на учењето/ подучувањето | Педагошка работа | Андрагошка работа |
|---|---|---|
| клима | зависност | самоумереност |
| планирање | мало, вредно | богат спектар на искуство |
| дијагноза на потребите | био-психолошки развој и социјален притисок | развојни задачи и социјални улоги |
| формулација на целите | одложена примена | непосредна примена |
| облик на реализација | усмереност кон | усмереност кон |
| активности | "пренесување" на знаење | истражувачки техники |
| евалуација | ја врши наставникот | заедничка редијагноза |

*Табела бр.3 Приказ на разлики на обележја на учењето/подучувањето помеѓу педагошката и андрагошката работа*

На учењето на возрасните се гледа како на континуиран процес на манипулација со сопственото искуство (искуствено учење). Сакајќи да стават акцент врз активноста на оној којшто учи - возрасниот, некои автори го дефинираат учењето на возрасните како процес „со чија помош се создава знаење низ трансформација на искуството", или поинаку кажано „процес на трансформација на искуство во знаење, вештини, ставови, вредности и чувства". Учењето е процес на конструкција и/или реконструкција на искуства, односно личности. Смислата на учењето во постара возраст, без разлика дали се манифестира како конструкција и/или реконструкција на искуство, е во внесување на ред и значење во светот во којшто возрасното лице функционира (мисли и дејствува).[76]

[76]Андрагошки прирачник за образовна работа со возрасни (2013)Скопје:dvv international, стр.12-13

## I.19.2 Принципи на учење кај возрасните

Од претходните споредбени карактеристики, произлегува и основната тенденција не само во образованието на возрасните туку воопшто на вкупното образование, а тоа е премин од доминантност на поучувањето, во кое клучен момент е експертското знаење на наставникот, кон доминантност на процесот на учење, заради што клучен момент е педагошко-менаџерската компетентност на обучувачот да креира амбиент и ресурси за учење. Од таквата ориентација, изведени се следниве клучни принципи на учење кај возрасните:

**Возрасните мора да сакаат да учат**

Децата ќе научат нешто, бидејќи некој друг вели дека тие треба да го сторат тоа. Или тие ќе учат за да го избегнат добивањето слаба оценка, иако малку се интересираат за предметот кој го учат. Возрасните, пак, нема да научат нешто, бидејќи некој друг вели дека тие треба да го сторат тоа. Тие мораат да имаат желба за да научат нова вештина или да се стекнат со знаење.

**Возрасните ќе учат само кога чувствуваат потреба да учат**

Тие се практични во нивниот пристап кон учењето. Тие сакаат да знаат како обуката ќе им помогне веднаш во моментот. Тие не се заинтересирани за нешто што би можело да биде од вредност за 10 години од денес. Понекогаш, преку советување, возрасните може да се убедат да научат нешто за во иднина, но тие ќе учат подобро кога можат да очекуваат непосредна корист. Ова, исто така, значи дека возрасните сакаат да научат нешто од секоја обучувачка сесија. Важно е возрасните да излезат од ситуацијата на учење со чувство дека добиле нешто корисно од неа. Освен тоа, возрасните стануваат нетрпеливи кога има премногу теорија. Тие реагираат најдобро ако им го предавате едноставно и директно она што тие сакаат да го научат.

**Возрасните учат преку конкретна примена**

Истражувањата покажуваат дека ако возрасните веднаш го практикуваат она што го научиле и продолжуваат да го употребуваат наученото, тогаш процентот на учењето и на задржувањето на наученото е многу повисок. Студиите покажуваат дека ако возрасните немаат можност да бидат активно вклучени во учењето, тие за една година ќе заборават 50 проценти од она што го научиле на пасивен начин со читање и со слушање. За две години, тие ќе имаат заборавено 80

проценти. Всушност, некои студии покажуваат дека во рок од 24 часа тие ќе имаат заборавено 50 проценти од она што го чуле претходниот ден. За две недели, тие ќе заборават 25 проценти повеќе. Возрасните учат преку слушање и гледање, но тие ќе учат подобро ако се активно вклучени во процесот на учење. Ова објаснува зошто возрасните треба да се охрабруваат да дискутираат за одреден проблем, да смислуваат решение, да практикуваат вештини. Возрасните мора да имаат можност да го употребат она што го научиле пред да го заборават или да го исфрлат од својата меморија.

**Возрасните учат преку решавање реални проблеми**

Меѓутоа, ако проблемите не се реални, не соодветствуваат на ситуациите од животот, возрасните нема да работат на нив. Практично кажано, треба да бидат презентирани реални проблеми.

**Искуството влијае на учењето кај возрасните**

Возрасните го поврзуваат учењето со она што веќе го знаат. Ако новото знаење не се вклопува во претходното знаење, тие најверојатно ќе го отфрлат. Возрасните имаат повеќе искуство отколку децата, што може да биде предност или хендикеп. Предност е кога тие имаат повеќе можности да го поврзат новонаученото со она што претходно е познато. Хендикеп е кога новото знаење не е поврзано со претходното учење. Учењето се базира на искуство. Заради тоа, кога возрасните се конфронтираат со ново искуство, тие тоа го интерпретираат на база на минато искуство. Сепак, секоја нова информација или вештина мора да биде поврзана со она што индивидуите веќе го знаат. Со други зборови, возрасните го градат учењето на она што веќе го знаат.

**Возрасните учат подобро во неформална околина**

Ако околината е премногу како училница, возрасните нема да учат добро. Многу од возрасните имаат непријатни сеќавања од школските денови, други чувствуваат дека завршиле со школото. Тие не сакаат да се потсетуваат на тоа. Исто така, ако околината е премногу „школска", многу веројатно е дека возрасните ќе размислуваат дека целата ситуација е детска. Местото на средбата треба да биде уредено колку што е можно понеформално. Распоред на столиците е подобро да бидат во форма на буквите V или C за да се отстрани несаканата атмосфера на училница.

**Возрасните реагираат на разновидни методи на предавање**

Возрасните, како и децата, учат подобро ако идејата им е презентирана на многу начини; или со други зборови, кога информацијата допира до нив преку повеќе од еден сензорен канал. Секако, методот кој ќе се употреби ќе зависи од она што се предава и од посакуваните цели кои треба да се постигнат.

**Возрасните сакаат упатство, не оцени**

Возрасните сакаат да знаат како им оди; каков напредок постигнуваат. Ова им е важно, иако оцените или тестовите може да се застрашувачки. Возрасните вообичаено се плашат од тестови заради стравот од тоа да бидат понижени или да не го направат добро. Тие мислат дека нема да го направат тестот добро, бидејќи веќе долго време не се во школо, или, пак, дека се премногу стари за да учат. Тие, сепак, сакаат да знаат дали се на вистинскиот пат. Сепак, понекогаш стандардите кои ги поставуваат за себе се премногу високи и тие се обесхрабруваат. Искрена пофалба и упатство од обучувачот помага ова да се спречи.[77]

### I.19.3 Фактори од субјективна и објективна природа

Секој човек има различни животни околоности, секој со своја посебна историја, свои ставови и согледувања и различен социјален развиток. Врз ставовите за учење и развој на една индивидуа влијаат голем број на фактори кои можат да се групираат во две категории: субјективни и објективни.

Меѓу субјективни фактори ќе ги истакнеме како основни и најважни:

- Физичка состојба на личноста;
- Ментална развиеност;
- Мотивацијата за учење;
- Претходно знаење и искуство;
- Општествено-политичка и производствено-работна афирмираност.

Внатре во животната ситуација на човекот значителна улога имаат и објективните фактори, детерминирајќи ги како целокупното човечко однесување, така и во однесувањето во услови на организиран живот.

[77]Водич за обучувачи (2015) Скопје USAID стр.15

Во објективни фактори спаѓаат:

- Материјални и физички услови на животот и работата на човекот;
- Социјални услови и
- Дидактичи услови.

Истакување на овој сплет субјективни и објективни фактори овозможува профилирање на животната ситуација на човекот, односно откривање на оние сили што го детерминираат неговиот успех во процесот на учењето, кои ја зајакнуваат или слабеат неговата образовна активност, кои ги поттикнуваат или спречуваат неговите едукативни напори.[78]

[78]Самоловчев, Б. (1970).*Можности и граници за учење на возрасниот човек*, Штип: Илинден стр.34

## 2. Дефинирање на проблемот и основните поими

**Образование на возрасни**-научно заснована, перманентна и мошне флексибилна дејност од образовен и воспитен карактер, насочена кон задоволување на образовните потреби на возрасните. Се врши преку разни курсеви, училишта, установи и со самообразование по редовното завршено редовно образование.[79]

Од постојните даватели на образование на возрасни може да се издвојат:

- Јавни и приватни специјализирани институции за образование на возрасните: работнички универзитети, образовни консултантски фирми, центри за обука, центри за странски јазици, центри за компјутерско образование, центри за советодавна работа, основни училишта за образование на возрасните;
- Средни училишта;
- Синдикати;
- Комори и асоцијации;
- Агенции за вработување;
- Професионални тела;
- Универзитети;
- Невладини организации.

Постојат и други институции и организации, кои покрај главните дејности имаат одредени активности од областа на образованието на возрасни како што се: библиотеки, музеи, издавачки куќи, културни центри, телевизии, радија.[80]

Услугите кои ги нудат понудувачите на образование на возрасни опфаќаат поширок спектар на образовни програми од областа на општото, стручното, културното, граѓанското образование како и од областа на научното доусовршување. Формите и траењето на образованието исто така се многу различни, на пример постојат програми и обуки кои траат неколку години па и

---

[79]Попоски, К. (2005). *Училишна докимологија*,Скопје:Китано стр.205
[80]Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука, 2006

такви, кои траат еден до два часа. Најчести организирани формите на образованието на возрасни се групната форма, но се почеста е и индивидуалната настава, како и електронското учење.[81]

**Работнички универзитет** - воспитно-образовна институција, наменета за општо, стручно, економско и друго образование. Образовната и воспитната работа во овие институции се спроведува преку масовни и групни форми на работа.[82]

**Отворени граѓански универзитети за доживотно учење** се установи кои вршат јавна услуга како дејност од областа на формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација) согласно со Законот за образование на возрасните, како и неформално образование на младите и возрасните лица насочено за оспособување за работа, за различни социјални активности или личен развој согласно со Законот за образование на возрасните.[83]

Работничките универзитети со новиот Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење се преименувани, надлежноста за нивното работење се пренесе на општините во кои тие функционираат. Доколку општините не ја преземат надлежноста врз работничките универзитети, според Законот имаат можност да се трансформираат во приватни институциии да ги нудат своите услуги на пазарот. Некои се трансформирале во приватни институции, се пререгистрирале и работат, а некои не успеале да се трансформираат, а ниту пак општините ја презеле обврската кон нив. Многу од работничките универзитети престанале да постојат или работат со намален број на активности и се соочуваат со тешкотии и преживуваат.[84]

**Доживотно учење** е концепт за формално, неформално и информално учење во текот на целиот живот со цел за подобрување на знаењето, вештините и

---

[81] Стратегија за образование на возрасните 2010-2015, (2010)Скопје: Совет за образование на возрасни.
[82] Исто 79–стр.123
[83] Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење(„Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2011 и 41/2014).
[84]http://www.srov.mk/

компетенциите за лични професионални и општествени потреби.[85]

Во одлуката на Европскиот Совет, доживотното учење е дефинирано како “секое општо, стручно неформално и информално образование и обука преземени во текот на животот кое резултира со подобрување на знаењата, вештините и компетенциите во персонална, јавна, социјална и работна смисла”.[86]

Многу често не се прави разлика меѓу термините доживотно учење (**lifelong learning**) и доживотно образование (**lifelong education**). Но суштинска разлика меѓу овие два термина постои. Самата суштина на учењето подразбира персонална одговорност за сопствениот образовен развој. За да се вработат или да станат вработени, луѓето постојано треба да следат што е ново на образовниот пазар и истото да го конзумираат на формален во некои од државните системи за образоване и обука), неформален (во некои од организациите или центрите кои оперираат во општеството) и информален начин (преземајќи самоиницијативни активности).

Додека, поимот образование секогаш асоцира и најчесто е поврзан со формалниот образовен систем кој завршува со високото образование. Оттука, произлегува и заклучокот дека доживотното учење го содржи во себе поимот доживотно образование, исто како што учењето секогаш претставува поширок поим и го вклучува во себе образованието.

За разлика од терминот **Lifelong learning** кој става акцент на учењет во текот на животот, без разлика дали е континуирано или периодично, се почесто се става во употреба и терминот lifewide learning кој што означува учење низ животот. Овој новоконципиран термин ја збогатува сликата за учењето, привлекувајќи внимание на ширината на учењето. Димензијата “низ животот” го става формалното, неформалното и информалното учење во потесен фокус. Се смета дека корисното учење може да се одвива и во семејството, во слободното време на човекот, во потесната заедница и во секојдневниот работен живот.[87]

**Формално образование** на возрасните означува дејност која се изведува согласно законите кои ја регулираат дејноста, основно, средно и високо

---

[85]Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македониј” бр.137/2013)
[86]Journal of the European Union, 15 November 2006: Establishing an Action Pogramme in the Field of Lifelong Learning,стр6, член 29
[87]Ризова, Е.(2008) *Доживотно учење* (интерен материјал), Скопје:Филозофски факултет, стр.12

образование. Формално образование на возрасните е институционирано образование кое се спроведува во државни и приватни установи и институции како редовно и вонредно образование, според соодветни наставни планови и програми. Формално образование на возрасни опфаќа: основно образование на возрасни, средно образование на возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование, и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација.[88] Формалниот систем на образование ги вклучува во себе и различните нивоа на образование кои следат по завршувањето на иницијалното универзитетско образование, како: магистерски студии, докторски студии, специјалистички студии, континуирано професионално усовршување и обука на дипломирани кадри. За формалното образование карактеристично е финансирањето на државата, со вклучување и на други финансиери, како на пример, работодавачите, синдикатите, хуманитарните организации, црквите итн. Програмите во институциите за формално образование најчесто ги составуваат експерти за одредени области, при што се земаат предвид пошироките општествени потреби и интереси, за сметка на запоставувањето на индивидуалните желби и потреби на оние кои ги посетуваат тие институции.[89]

**Неформално образование** на возрасните означува организирани процеси на учење насочени за оспособување на возрасните за работа, за различни социјални активности или личен развој.[90] За неформалното образование и учење се користат и многу други термини, како: вонилколско образование, неконвенционално образование, нетрадиционално образование итн. Денес неформалното образование и учење станува нужност бидејќи им овозможува на возрасните (и на помладите) да бидат во тек со развојот на општеството и го надохнадува она што му недостига на формалното образование и учење. Како една од поважните функции на наформалното образование и учење се наведува и смалувањето на разликите во статусот на образуваните и необразуваните граѓани, богатите и сиромашните, селското и градското население итн. Како такво, неформално образование и учење има значајно место и улога во решавањето на

---

[88]Европска комисија: Меморандум за доживотно учење, Брисел, 2000
[89]Исто 87-стр.89
[90]Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија,CONFITEA VI Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008

различни општествено-економски проблем кај земјите во развој, односно тоа претставува своевидна стретегија за национален развој.[91]

Неформалното образование е дефинирано од Унеско во 1972 година и гласи: “Неформалното образование претставува организирана едукативна активност, надвор од формалниот систем која има за цел да ги задоволи потребите на корисниците но и целите на учењето.” Од јасната дефиниција произлегуваат карактеристиките на неформалното образование како што се:

- Прецизно дефинирана рамка за учење,
- Флексибилност на програмата насочена според групата,
- Прецизно одредени цели,
- Доброволно учество од страна на корисниците,
- Независност во однос на пол, години, степен на образование и сл.
- Квалификувани и обучени предавачи,
- Хоризонтален комуникациски однос помеѓу предавачот и посетителите.

Учењето не се наметнува а е ориентирано на практичноста и неговата примена во деловната активност.[92]

Фордхам (1993) истакнал четири карактеристики на неформаното образование: релевантноста на потребите на луѓето со пречки во развојот, грижата за посебни категории на личности, фокусот на јасно дефинирани цели и флексибилноста во организацијата и методите.[93]

Квалитетно учење во рамките на неформалното образование е возможно кога се дефинирани: јасна рамка во која ќе се спроведува, програма која е прилагодена на целната група, јасни цели, флексибилна програма, доброволно учество, компетентен едукатор (фацилитатор), интерактивен однос помеѓу обучувачот и учесниците, размена на искуства и вештини, и учење преку пракса.[94]

[91] Исто 89-стр.93
[92]Learn from life / Informal Learning, Angeless Learner Curious for life, (http://www.agelesslearner.com)
[93]Fordham, P. E. (1993) ‘Informal, non-formal and formal education programmes’ in YMCA George Williams College *ICE301 Lifelong Learning Unit 2*, London: YMCA George Williams College.
[94]http://multimedia.org.mk/wp-content/uploads/2012/12/Book_MKD1.pdf

**Фактори од кои зависи процесот на воведување на неформалното образование**

Процесот на воведување на неформалното образование е конструктивен и постепен. Факторите од кои зависи потребата од воведување на неформалното образование се:

Економскиот развој иницира процеси кои диктираат нови услови во работењето. Тие процеси се динамични и во себе вклучуваат брзи промени и прилагодувања кон работните услови. Затоа, вработените се подложни на систем на доживотно учење со цел континуирано да се оспособуваат според потребите на пазарот на трудот.

Глобализацијата набљудувана од економски аспект, нуди процес во кој несметано се движат идеите, иновациите и пред се човековиот труд. Тој процес на движење иницира композитност преку која човекот го пласира своето знаење онаму каде што има потреба за него. Географските бариери се надминати, а трудот се движи во насока на остварување на компаниските цели.

Академските степени на знаење се подредени на научноста. Иако според образовните системи задолжително се воспоставува практична работа сепак истото се сведува на цел која непосредно служи за исполнување на академскиот степен на знаење. Неформалното образование е ориентирано кон професионалноста. Неговата насоченост се движи кон исполнување на работните обврски. Оспосебноста и посветеноста се одвива во таа насока.

Технолошката револуција се одвива со брзо и несметано темпо. Таа не ги загрозува работните позиции туку предизвикува тенденција која води кон континуирано учење. Затоа принципот (life long learning) се покажува како конзистентен пристап кој води кон исполнување на целта-создавање на квалитетни и флексибилни работни структури.

Пазарот на работната сила побарува работна сила која може веднаш да се вклучи со сите деловни предизвици. Од тој аспект неформалниот образовен процес се појавува како двигател на нови односи во деловното опкружување кои непосредно го опфаќаат човекот како чинител во создавањето и креирањето на

работната сила.[95]

**Информално учење** е природна појава во секојдневниот живот. За разлика од формалното и неформалното учење, кај информалното учење не станува збор за наменско учење, што е причина да "учениците" под одредени услови, не ни го почувствуваат како проширување на нивното знаење и нивни способности.[96] Овој облик на учење се среќава и под називите "спонтано образование", "случајно учење", како и "пригодно учење" кои укажуваат на тоа дека учењето се случува во непланирани ситуации и околности. Како една од најважните цели на информалното учење се наведува меѓугенерациско пренесување на идеи, ставови и вредности како и подучување на одредени културни и општествени норми.[97]

Информалното учење се однесува на самоорганизирани форми на учење. Ова се рефлектира преку индивидуалност. Тоа е проследено со нови впечатоци, импулси и искуства, се развиваат лични ставови и предрасуди. Ова му овозможува на поединецот да се пронајде во својата животна и работна средина со сопствено мислење и совест. (Pries 2004, str33).[98]

Современото образование се состои од поврзување на сите облици на учење и признавање на нивните резултати низ одредени сертификати. Бидејќи образованието може да се стекне преку различни начини на учење, потребно е истите да бидат оптимално комбинирани. Тоа се постигнува со самоуправувано учење (selfdirected learning), кое не е нов облик на учење, туку се состои во тоа поединецот сам да одлучува кои облици на организирано учење ќе ги вклучи во текот на своето образование и на кој начин ќе ги комбинира.[99] Со самоуправуваното учење се вмрежуваат формалното и неформалното образование и така се подобрува нивната синергичност. Оспособеноста за таквото образование е вештина која се стекнува во текот на задолжителното образование, при што образовните институции го спроведуваат и развиваат во понатамошното

---

[95]Jeffs T., Smith, M. K. (1990) *Using Informal Education. An alternative to casework, teaching and control*, Milton Keynes, Open University Press
[96]Европска комисија: Меморандум за доживотно учење, Брисел, 2000
[97]Исто 89-стр.94
[98]Pries, M (2004) Eine Art Zukuntfspädagogik. Zur erzienhungswissenshaftlichen Neuorientierung der Freizeitpädagogik im 21 Jahrhundert in: Deutsche Gesellschaft für Erziehungswissenschaft (Hrgs): Casopis Erziehungswissenschaft-sveska 29
[99]Gartenschlager, U., Hinzen, H. (2000), *Perspektive i tendencije obrazovanja odraslih u Europi*. Zagreb: Hrvatska zajednica pučkih otvorenih učilišta, str. 9-11

образование. Овие факти се особено важни за практиката на воспитувачите, бидејќи во најголема мера треба да се примени концепцијата на доживотното образование т.е учење во текот на целиот работен век со комбинирање на различни облици на учење.[100]

## Поврзување на формалното, неформалното и информалното образование

> Од формалното образование ќе си ги плаќаш сметките. Од самообразованието ќе се обогатиш. - Џим Рон

Формалниот систем ја има апсолутната доминација и целокупната одговорност за оспособување на возрасните за ефикасна и социјална инклузија, сфаќајќи го неформалниот сектор како конкуренција. За компензирање на недостатокот неопходно е координирање на активностите меѓу формалниот и неформалниот сектор. Владата на Република Македонија треба да преземе мерки за засилена соработка меѓу институциите за формално образование и за неформално образовани, како и со невладиниот сектор. Луѓето покрај организираното формално образование, учат на работното место, преку волонтерски активноти и сл. Перманентното зголемување на врските меѓу формалното и неформалното учење овозможува унапредување на способностите за сопствениот живот, интелектуалниот раст и добросостојбата.[101]

**Компетенцијата** е комплексен концепт. Ова е заеднички фактор во сите современи дефиниции за терминот компетенција. Дефиницијата на OECD од 2005 год. ја сумира вака: "Компетенција е многу повеќе од само знаење и вештини. Таа ја инволвира способноста да се исполнат комплексни барања, со повикување и мобилизирање на психосоцијални ресурси (вклучувајќи вештини и ставови) во еден одреден контекст." (OECD2005). Според ова, компетенцијата опфаќа одреден број индивидуални елементи (знаење, вештини, погледи итн.) како и способноста тие да се донесат во меѓусебна релација и да се применат соодветно во специфични ситуации. Компетенцијата во оваа смисла се однесува на способноста да се реагира

[100]Program regionalnog drustveno-ekonomskog razvoja (2005), RCPO: Kragujevac, str.15
[101]Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија,Confintea VI – Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, (2008) стр.27

во одреден контекст – на пр. професионалниот контекст на наставник во образованието на возрасни.[102]

[102]https://www.dvv-international.de/fileadmin/files/curriculum_globale_maz_fin.pdf -str.18

# II Методологија на истражувањето

## II.1 Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето ќе биде да се осознае влијанието на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење врз учесниците во насока на остварување на концептот за доживотно учење, односно врз зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, нивно усовршување и зголемување на процентот на вработеност, а тоа би влијаело на подобрувањето на општествено-економскиот и културниот развој на Република Македонија. Истражувањето се однесува на тековните состојби, перспективите и целите кон кои се стремат Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во иднина. Со донесувањето на Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење, работничките универзитети се во надлежност на општините, кои не издвојуваат финансиски средства наменети за работата на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Од сегашната состојба се согледува дека овие институции опстануваат со самофинансирање и потребно е да се изгради соодветен модел на финансирање и поддршка. Потребна е и широка јавна промоција на концептот за доживотното учење и предностите што ги нудат отворените граѓански универзитети за доживотно учење и покрај повеќедецениско постоење. Промовирање на програмите преку разни манифестации, фестивали, саеми и користење на соодветни медиуми (телевизии, радио, печат, интернет) со цел полесно да се информира целната категорија на население, како и редовно ажурирање на податоците на веб страните на сите Отворените граѓански универзитети за доживотно учење со најнови информации за активностите, постигањата и користа од посетување. Потребна е и поголема соработка со бизнис секторот при изготвувања и имплементација на програмите, поголема мотивација на наставиот кадар како и константно усовршување и изнаоѓање на нови идеи и програми со цел постигнување на поставените цели. Интенцијата е да се постигне повисок квалитет на образовната понуда, поголеми ефекти во работата со учесниците и зголемување на нивниот број.

## II.2 Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е **да се утврди влијанието на организациската поставеност и функцијата на отворените граѓански универзитети за доживотно учење врз стапката на вработеност и конкурентноста на пазарот на трудот на посетителите. По својот приод и карактер истражувањето се категоризира како квалитативно, квантитативно и дескриптивно. Исто така, тоа емпириско и теренско, испитувајќи ја работата на институциите за возрасните, нивните меѓусебни одоси. Според временска насоченост истражувањето е историско и современо. Истражувањето е интердисциплинарно и индивидуално.**

## II.3 Задачи на истражувањето

За да се операционализира поставената цел на ова истражување која е во насока да се утврди влијанието на организациската поставеност и функцијата на отворените граѓански универзитети за доживотно учење врз стапката на вработливоста и конкурентноста на пазарот на трудот на посетителите, потребно е да се остварат следниве задачи:

**II.3.1** Да се испита цената на образовните услуги во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и приватните провајдери на услуги за образование на возрасните;

**II.3.2** Да се испитаат андрагошките компетенции на наставниот кадар во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење;

**II.3.3** Да се испита соработката меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и бизнис секторот;

**II.3.4** Да се испита степенот на соработката меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење на ниво на Република Македонија и во регионот;

**II.3.5** Да се анализира видот и компатибилноста со потребите на пазарот на трудот со програмите што се нудат во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење;

**II.3.6** Да се испита амбиентот за учење во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење;

**II.3.7** Да се испита влијанието на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење врз намалување на неписменоста;

**II.3.8** Да се испита придонесеот на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење за самовработување на учесниците;

**II.3.9** Да се испита корелацијата меѓу застапеноста на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во локалните заедници и посетеноста на учесниците.

## II.4 Хипотези

**Генерална хипотеза**: Организациската и образовната поставеност на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење позитивно влијае на вработеноста на посетителите и нивната конкурентност на пазарот на трудот.

Посебни хипотези кои кореспондираат со поставените задачи на истражувањето:

**II.4.1** Цената на образовните улуги на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е поприфатлива за разлика од приватните провајдери на услуги за образование на возрасните;

**II.4.2** Андрагошките компетенции во мала мера се застапени кај наставниот кадар на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење;

**II.4.3** Нема доволна соработка меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и бизнис секторот;

**II.4.4** Соработката меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење на ниво на Република Македонија и во регионот е на незадоволително ниво;

**II.4.5** Видот и компатибилноста со потребите на пазарот на трудот на програмите што се нудат во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е на незадоволително ниво;

**II.4.6** Амбиентот за учење во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е поволен;

**II.4.7** Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем

придонес за намалување на неписменоста;

**II.4.8** Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес кон самовработувањето на учесниците;

**II.4.9** Застапеноста на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е многу мала и влијае врз стапката на вклученост на посетителите.

## II.5 Варијабли

**Независни варијабли**: образовната функција и организациската поставеност на отворените граѓански универзитети за доживотно учење, цената на образовните услуги, андрагошките компетенции на наставиот кадар, соработката меѓу институциите и бизнис секторот, итн.

**Зависни варијабли**: вработливоста на посетителите, конкурентноста на посетителите на пазарот на трудот, оспособеноста за самовработување, застапеност на отворени граѓански универитети за доживотно учење во локалната заедница, амбиентот за учење, соработката на отворените граѓански универзитети за доживотно учење со останатите институции во земјата и регионот, итн.

## II.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето

Техника која ќе се користи за проверка на хипотезите и доаѓање до сознанија е:

### 1.Анкетирање

Ќе се користат анкетни прашалници за учесниците, наставниците и директорите. Преку анкетните прашалници ќе се добијат податоци за цената на услугите на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење, партиципацијата, соработката со другите институции за образование со возрасните, конкуренцијата, придонесот за самовработување, андрагошките компетенции на наставниот кадар, амбиентот за учење, влијанието врз вработливоста и конкурентноста на учесниците итн.

### 2.Анализа на содржина

Со анализа на содржина на легислативата која го покрива образованието на возрасните и легислативата која се однесува на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Ќе се добијат информации за организирањето,

структурата, финансирањето, управувањето, надзор на квалитетот на системот за образование на возрасните во Република Македонија.

### II.7 Популација и примерок

Популацијата која ќе биде опфатена во процесот на истражување се наставниците, учесниците и директорите од Отворените граѓански универзитети за доживотно учење, а за примерок ќе бидат земени осум Отворени граѓански универзитети за доживотно учење:

**1.ОГДУ „Кочо Рацин"-Скопје**

**2.ОГДУ „Кузман Шапкарев"-Охрид**

**3.ОГДУ „Крсте Мисирков"-Битола**

**4.НУ„Тетово"-Тетово**

**5.РУ „Браќа Миладиновци"-Гостивар**

**6.РУ „Благој Страчковски"-Велес**

**7.ОГУ „Ванчо Прке"-Штип**

**8.РУ „Јоска Свештарот"-Струмица**

Во истражувањето ќе се испитаат ставовите на осумте директори на отворените граѓански универзитети за доживоно учење, по три наставника кои реализираат курсеви и по петнаесеттина учесници. Предвидено е прашалниците да бидат анонимни, со цел да се заштити приватноста и личниот интегритет на испитаниците.

### II.8 Статистичка обработка на податоците

Податоците добиени со примената на горенаведените истражувачки техники ќе имаат неколку нивоа на обработка:

1. Податоците ќе бидат класифицирани;

2. Резултатите ќе се прикажат бројчано, процентуално и графички;

3.Обработката на податоци го следи принципот на анализа на квантитативни податоци, се со цел да се добие релевантен статистички приказ на она што е предмет на проектот на истражувањето.

## II.9 Организација и тек на истражувањето

Организацијата на истражувањето е планирана од кандидатот со поддршка на менторот. Се планира истражувањето да опфати посети на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и соработка со директорите и наставниците. Времетраењето на истражувачките активности би се ограничило на 1-2 месеци.

Анкетата беше спроведена во следните Отворени граѓански универзитети за доживотно учење:

| *Отворен граѓански универзитет за доживотно чење/ РУ/ НУ* | *Директори* | *Наставници* | *Учесници* |
|---|---|---|---|
| ***1.ОГДУ „Кочо Рацин"-Скопје*** | 1 | 3 | 15 |
| ***2.ОГДУ „Кузман Шапкарев"-Охрид*** | 1 | 3 | 15 |
| ***3.ОГДУ „Крсте Мисирков"-Битола*** | 1 | 3 | 15 |
| ***4.НУ„Тетово"-Тетово*** | 1 | 3 | 15 |
| ***5.РУ „Браќа Миладиновци"-Гостивар*** | 1 | 3 | 15 |
| ***6.РУ „Благој Страчковски"-Велес*** | 1 | 3 | 15 |
| ***7.ОГУ „Ванчо Прке"-Штип*** | 1 | 3 | 15 |
| ***8.РУ „Јоска Свештарот"-Струмица*** | 1 | 3 | 15 |
| ***Вкупно*** | **8** | **24** | **120** |

# III Анализа и интерпретација на резулатите од истражувањето

## III.1 Анализа на резултатите за проверување на првата помошна хипотеза

Првата помошна хипотеза гласи: **Цената на образовните услуги во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е поприфатлива за разлика од приватните провајдери на услуги за образование на возрасните**

**За проверка на хипотезата се одработени следниве прашања:**

| Прашање бр. 1: Од кој финансиски ранг се движи цената на обуките? | |
|---|---|
| 1.ОГДУ „Кочо Рацин"-Скопје | 4800-48000 |
| 2.ОГДУ „Кузман Шапкарев"-Охрид | 6000-18000 |
| 3.ОГДУ „Крсте Мисирков"-Битола | 3000-15000 |
| 4.НУ„Тетово"-Тетово | 5000-19000 |
| 5.РУ „Браќа Миладиновци"-Гостивар | 5400-10800 |
| 6.РУ „Благој Страчковски"-Велес | 12000-30000 |
| 7.ОГУ „Ванчо Прке"-Штип | 6500-48000 |
| 8.РУ „Јоска Свештарот"-Струмица | 3000-25000 |

*Табела бр.4-Приказ на цена на обуките во ОГУ*

| **Институција** | **Курс** | **Часови** | **Цена** |
|---|---|---|---|
| „Академија и студио Леонтиќ" | фризери, козметичари, масери | 3-12 месеци | 9000-25000 |
| „ФРАН" | козметичари, нокти | 10 часа | 18000-30000 |
| „Студио Диор" | шминери | 5-7 часа | 12000 |

*Табела бр.5 Приказ на цена на курсевите во приватните провајдери*

Целта на ова прашање е да се утврди цената на обуките што се нудат во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Според приложените податоци (табела бр.4) може да се согледа дека цените се прифатливи, не се високи, а зависат од видот на обуката. Услугите во некои приватни провајдери (табела бр.5) што нудат исти услуги се со многу повисоки цени, а помал број на часови. Во РУ „Јоска Свештарот"-Струмица цената на курсевите за фризери, козметичари и масери изнесува од 15000 до 22000 денари со посетување 80-100 часа, додека во студиото „Диор" курс за шминкање чини 12000 денари со посетување на 7 часа. И во двете институции посетителите на курсевите добиваат алат, прибор, материјали за работа и прирачници. По завршување на обуката полагаат и се здобиваат со диплома.




*Табела бр.6-Финансирање на образованието/обуките*

Целта на ова прашање беше да се утврди изворот на финансирање на учесниците во овие институции. На ова прашање 116 од вкупно 120 испитаници (97%) одговорија дека финансирањето на образованието/обуките го вршат со самофинансирање. На само 4 од вкупно 120 (3%) од испитаниците финансирањето го врши фирмата во која работат. Работодавците не се мотивирани за образование и обука на своите вработени, според нив тоа е неисплатлива инвестиција. Но, инвестирањето на вработените ќе им се испалти на долг рок, бидејќи тоа е инвестиција во иднината. Мал е бројот на приватните компании кои соработуваат

со институциите за образование на возрасни или со универзитетите и интересот за да ги зајакнат компетенциите на своите вработени. Непостоењето на стабилни извори на финансирање од страна на државата (финансиски бенифиции, даночни олеснувања и сл.) на овие установи директно влијае врз целокупниот квалитет и квантитет на услугите и посетеноста.




*Табела бр.7 Приказ на можноста за плаќање на рати*

Оваа прашање е поставено до директорите на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и сите имаат потврден одговор. Оптималната можност за плаќање на рати претставува олеснителна околност за учесниците на овие институции.




*Табела бр.8 Приказ на прифатливост на цените на ОГУ*

Целта на ова прашање беше да се согледа разликата на цената на образовните услуги помеѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и приватните провајдери на услуги. 85 од вкупно 120 учесника (71%) се изјасниле дека цената на образовните услуги на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е поприфатлива за разлика од приватните провајдери на услуги. Можноста за плаќање на рати и прифатливоста на цените се стимул за потенцијалните учесници.




*Табела бр.9 Приказ на баратели на услугите во ОГУ*

Целта на ова прашање е во насока на согледување на структурата на целните групи во ОГУ за доживотно учење. Голем е бројот на вработените посетители, но поголем е бројот на невработените лица. Корисниците на услугите кои се невработени, маргинализираните или социјално загрозени лица, не можат да си ги дозволат услугите од причина што имаат мали финансиски можности. Тие секојдневно се соочуваат со егзистенцијални проблеми и многу тешко можат да издвојат средства за некоја обука.




*Табела бр.10 Приказ на најбаран вид од образование на возрасните*

Целта на оваа прашање која се однесува до директорите е да согледаме за кој вид образование има најмногу заинтересирани кандидати.

Од табелата можеме да согледаме дека има заинтересираност за сите видови на образование што ги нудат овие институции, се реализира формално и неформално образование на младите и возрасните лица.

Секојдневните предизвиците што ги носи напредокот на технологијата, комуникациите и борбата за обезбедување егзистенција, последниве години наметнува поинтензивно посетување на обуки за доквалификација кои овозможуваат да извршуваме нови посложени работи и работни задачи. Сепак во услови на голема невработеност луѓето бараат излез и во преквалификација, која им овозможува стекнување на нови вештини и промена на занимањето, со што можат да се вработат или да остварат свој сопствен бизнис.

Според добиените податоци можеме да заклучиме дека, **првата помошна хипотеза се потврдува од истражувањето: Цената на образовните услуги во отворените граѓански универзитети за доживотно учење е поприфатлива за разлика од приватните провајдери на услуги за образование на возрасните**.

Зуклучокот е изведен според добиените одговори од испитаниците. Согледавме дека цената на обуките е од 3000 денари до 50000 денари и зависи од

видот на обуката. Можноста за плаќање на рати во сите отворени граѓански универзитети за доживотно учење е од голема важност за барателите на услугите. Но, постојат и баратели на услуги кои се невработени и самофинасирањето им ја отежнува можноста или претставува пречка да бидат учесници во овие институции. Овие јавни установи опстануваат со самофинансирање без исклучок дали станува збор за формално образование или образовни услуги од неформален тип. Потребно е да се изработи модел за финансиска поддршка поради значајната улога на овие установи како главни промотори на образованието на возрасните и доживотното учење.

## III.2 Анализа на резултатите за проверување на втората помошна хипотеза

Втората помошна хипотеза гласи: **Андрагошките компетенции во мала мера се застепани зај наставниот кадар на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење**




Табела бр.11 Поседување на андрагошки компетенции кај наставниците

Целта на оваа прашање кое се однесува до наставниците е да се утврди во колкава мера поседуваат андрагошки компетенции (компетенции за образовна работа со возрасни). Поголем дел од наставниците (16 од вкупно 24) изјавиле дека не поседуваат андрагошки компетенции. Според добиените податоци можеме да кажеме дека многу е мал бројот на наставниците кои поседуваат андрагошоки компетенции. Баратели на услугите се учесници кои имаат поинаков однос и барања од учениците. Улогата на наставникот е специфична и неопхоно е поседување и постојано зајакнување на андрагошките компетенции.




Табела бр.12 Практикување на форма на работа

Целта на ова прашање кое се однесува до наставниците е да се согледа каква форма на работа практикуваат. Според добиените одговори највеќе од наставниците ја практикуваат групната форма на работа (16 од вкупно 24), а останатите (5 од вкупно 24) практикуваат индивидуален начин на работа. Најмалку е применувана тандемска форма на работа (3 од вкупно 24).Начинот на работа најчесто зависи од видот на обуката и бројот на кандидатите.




Табела бр.13 Вид на настава кој најмногу одговара за реализација на образовните соджини

Поголем број од наставниците (18 од вкупно 24) одговориле дека при реализација на образовните соджини најмногу одговара фронталниот (заеднички) вид на настава. Од зависноста на образовните содржини се

применува и проблемската настава која е применувана од (2 од вкупно 24) наставника. Присутна е и програмираната настава кои ја применуваат (4 од вкупно24) наставника.




*Табела бр.14 Застапеност на електронско учење како дополнителен метод*

Целта на ова прашање беше да се утврди во која мера се користи електонското учење. 22 од вкупно 24 наставника го користат електронското учење како дополнителен метод. Примената на електорнското учење заштедува средства поврзани со патување, како и обезбедување на просторија. Учесниците повеќе учат самостојно и е намалена потребата од консултативни средби со наставникот. Консултациите може да се одвиваат по електронски пат. Материјалите им се достапни 24/7 и учесницте можат да ги користат кога ќе посакаат. Сепак треба да се земе во предвид компјутерската писменост на учесниците. Доколку постои компјутерска неписменост од страна на учесниците електронското учење е сосема бескорисно.




*Табела бр.15 Приказ на задоволство на учесниците од наставниците*

Целта на прашањето кое се однесува до учесниците е да се согледа во колкава мера се задоволни од нивните наставници. Повеќе од половина од испитаните учесници или (63 од вкупно 120) сосема се задоволни од наставниците. Нивното задоволство се должи на начинот на работа од страна на наставниците и директната интеракција. Идеалната слика би била кога сите испитаници ќе одговорат дека сосема се задоволни од своите наставници. За вака добиените податоци говори поседувањето на андрагошките компетенции на наставниците.

Од анализата на одговорите од страна на наставниците и учесниците **се потврдува втората помошна хипотеза: Андрагошките компетенции во мала мера се застепани кај наставниот кадар на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење**

Наставниот кадар, соработниците и надворешните соработници во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење се претежно со завршено високо образование. Примарниот недостаток на овој кадар е слабата оспособеност за работа со возрасните и неопходно е соодветно андрагошко оспособување и усовршување.

Наставниците и обучувачите, покрај формалните услови за вршење на наставничка професија, треба да поседуваат и посебно андрагошко образование, т.е. да имаат стекнато компетенции за образование и обука на возрасни. Бидејќи во ниедна форма на образование и учење не можат механички да се пренесуваат

методите, формите, облиците и постапките на работа од редовното образование на децата и младите, потребно е оваа категорија на наставници дополнително да стекне андрагошки компетенции. Во работата со возрасните, тие имаат улога на помагачи, инструктори, консултанти, ментори, односно поттикнувачи во учењето, помошници во образованието, животни советници, аниматори, учесници во образовниот процес. Посебно се нагласува нивната улога и изменета позиција во образованието и учењето, при што, повеќе се има во предвид нивната обврска да ги поттикнуваат возрасните да учат и да се образуваат, да им го олеснат процесот на учење и образование и да им дадат на располагање доволно извори на информации.[103]

[103]http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Koncepcija-za-postsredno-obrazovanie.pdf-стр38

## III.3 Анализа на резултатите за проверување на третата помошна хипотеза

**Третата помошна хипотеза гласи: Нема доволна соработка меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и бизнис секторот**

**Прашање бр.12 Дали овој отворен граѓански универзитет за доживотно учење соработува со бизнис секторот и останатите отворени граѓански универзитети за доживотно учење во Република Македонија**

| ОГУ доживотно учење | Соработка со бизнис сектор | Соработка со други ОГУ на ниво на РМ | Соработка со други ОГУ во регионот |
|---|---|---|---|
| 1.ОГДУ „Кочо Рацин"-Скопје | Соработка со многу фирми | Соработка со сите отворени граѓански универзитети за доживотно учење | Размена на искуства со работничките универзитети: од Црна Гора, Косово, Словенија, Германија, Хрватска. |
| 2.ОГДУ„Кузман Шапкарев"-Охрид | Соработка со ЛТХ Леарница Регионална занаетчиска комора Охрид,со сервиси и занаетчиски дуќани,со училишта и установи од Охрид | Соработка со сите отворени граѓански универзитети за доживотно учење за заеднички теми и предизвици | / |
| 3.ОГДУ „Крсте Мисирков"-Битола | Со некои фирми од Битола | / | / |
| 4.НУ„Тетово"-Тетово | Еуро Метал Мебел увоз-извоз Тетово -заварувач Фризерски | Многу мала соработка | Нема остварена соработка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | алон Елена-фризер<br>РИМА Ѓорѓе увоз-извоз Тетово обуки за практичен дел за занимањата. Производител на леб, бурек, бели печива и слаткар<br>АНРРА ЦЕНТРУМ ДОО увоз -извоз с. Мала Речица -обуки за практичен дел за занимањата: Ѕидар-фасадер и ракувач со градежна механизација<br>Хотел ЛИРАК АД Тетово обуки за практичен дел за занимањето готвач<br>-со сите овие фирми имаат склучено Договори за изведување на практична настава од 7 верификувани програми | | |
| **5.РУ „Браќа Миладиновци"- Гостивар** | 1.DA-DE холтинг Гостивар (инсталација на вода, парно греење, климатизација, обработка и поставување на декоративен камен<br>2.Слаткарница ДЕКОР -сладолед и производство на слатки<br>3.Calista beauty centar-козметика, маникир, педикир<br>4.Life style фризерски салон- | Соработка со сите отворени граѓански универзитети за доживотно учење | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фризер<br>5.Ресторант-Тивко катче-угостител, конобар, кувар, бармен<br>6. Пицерија Миа-пица мајстор<br>7.Премија90-градежништво<br>и други во зависност од потребата. | | |
| **6.РУ „Благој Страчковски”-Велес** | Соработка со повеќе фирми од Велес | Соработка со сите отворени граѓански универзитети | / |
| **7.ОГУ „Ванчо Прке”-Штип** | Соработка со многу фирми од Битола | Соработка со сите отворени граѓански универзитети | / |
| **8.РУ „Јоска Свештарот”-Струмица** | Тесно соработува со локалниот бизнис сектор и ги користи неговите капацитети и ресурси за потребите на програмските активности: фризерски и козметички салони, автомеханичарски работилници, електромеханичарски сервиси, пекарници ... итн Исто така соработката се простира и на јавни установи чии капацитети и експерти се | | Соработката со сродни установи во регионот е остварена со Словенија (Људска универза), Хрватска (Пучка училишта), Босна и Херцеговина (ДВВ Интернационал и установи за образование на возрасни). Во 2015, на настанот Денови на доживотно учење во ОГУ „Јоска Свештарот“ заде учество и експерт за трета возраст од загребското Пучко училиште. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | користат за разни обуки: Комуналец (хортикултура), Пожарна станица (пожарникари), Општа болница - Струмица (болничари, негуватели) ... ит | | |

*Табела бр. 16 Соработка меѓу ОГУ во РМ, регионот и бизниз сектор*

Од прикажаните податоци во табелата очигледно е дека постои голема соработка меѓу отворените граѓански универзитети за доживотно учење и бизнис секторот. Соработката меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во Р. Македонија е на задоволително ниво. Соработката на овие институции во регионот е на незадоволително ниво и се сведува само на размена на искуства, но не и нивна примена.




*Табела бр.17 Приказ на соработка меѓу институциите за образование на возрасните и бизнис секторот*

Целта на ова прашање е да се увиди согласноста на директорите меѓу институциите за образование на возрасните и бизнис секторот. Одговорите "делумно се согласувам" (5 од вкупно 8 директори), укажува на зголемена потреба од соработка на институциите за образование на возрасните и бизнис секторот. Поврзаноста е на овие институции е многу битна и најмногу влијае врз остварување на теотерстките и практичните активности на корисниците.

Согласно добиените податоци**, не се потврдува третата помошна хипотеза: Нема доволна соработка меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење и бизнис секторот.**

## III.4 Анализа на резултатите за проверување на четвртата помошна хипотеза

**Четвртата помошна хипотеза гласи: Соработката меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење на ниво на Република Македонија и во регионот е на незадоволително ниво**




*Табела бр.18 Приказ на соработка меѓу ОГУ во РМ и регинот*

Целта на прашањето е да се утврди во колкава мера е согласноста на директори околу соработката на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење на ниво на Р. Македонија и регионот. Одговорите "делумно се согласувам" (4 од вкупно 8 директори) укажува на зголемена потреба од соработка меѓу отворените граѓански универзитети за доживотно учење во Р. Македонија, а уште поголема потреба за соработка со овие институции во регионот.

**Според добиените податоци се потврдува четвртата помошна хипотеза,** дека **Соработката меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење на ниво на Република Македонија и во регионот е на незадоволително ниво.**

## III.5 Анализа на резултатите за проверување на петтата помошна хипотеза

**Петтата помошна хипотеза гласи: Видот и компатибилноста со потребите на пазарот на трудот на програмите што се нудат во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е на незадоволително ниво.**




*Табела бр.19 Приказ на компатибилност на програмите што се нудат во ОГУ за доживотно учење и пазарот на трудот*

Целта на ова прашање е да се согледа колку директорите се согласуваат со компатибилноста на програмите со потребите на пазар на труд. 4 од вкупно 8 или 50% од директорите делумно се согласуваат со ставот дека програмите што се нудат во ОГУ за доживотно учење се компатибилни со потребите на пазарот на трудот во Р.Македонија. 3 од вкупно 8 или 37.50% од директорите сосема се согласуваат со ставот дека програмите што се нудат во ОГУ за доживотно учење се компатибилни со потребите на пазарот на трудот во Р.Македонија. Незамарувачки е и ставот на 1 од 8 или 12.15% од директорите кој воопшто не се согласува со ставот дека програмите што се нудат во ОГУ за доживотно учење се компатибилни со потребите на пазарот на трудот во Р.Македонија.

**Прашање бр.16 Кои странски јазици се нудат во Вашиот Отворен граѓански универзит за доживотно учење?**

| ОГУ за доживотно учење | Англиски | Француски | Германски | Италијански | Албански | Шпански | Грчки | Друг јазик |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.ОГДУ „Кочо Рацин”-Скопје** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | Португалски |
| **2ОГДУ „Кузман Шапкарев”-Охрид** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | Холандски |
| **3.ОГДУ „Крсте Мисирков”-Битола** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | |
| **4.НУ„Тетово”-Тетово** | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| **5.РУ „Браќа Миладиновци”-Гостивар** | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| **6.РУ „Благој Страчковски”-Велес** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| **7.ОГУ „Ванчо Прке”-Штип** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| **8.РУ „Јоска Свештарот”-Струмица** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | |

Табела бр.20 Приказ на странски јазици кои се застапени во ОГУ

Според прикажаните податоци во табелата може да се забележи дека во отврените граѓански универзитети за доживотно учење се понудени сите курсеви за странски јазици кои се побарувани од страна на посетителите. Курсевите за странски јазици се подеднакво посетени од млади и возрасни, но сепак интересот кај помладата популација е значително поголем од оној кај возрасните. Најмногу интерес има за англискиот и германскиот странски јазик. Отворениоте граѓански универзитети организираат и подготовки за полагање меѓународни испити: PET, FCE , CAE, CPE , IELTS, TOEFL, YLE.

**Отворените граѓански универзитети за доживотно учење нудат обуки за:**

**Лични услуги** (фризер, шминкер, козметичар, маникир, педикир, масер)

**Здравствени услуги** (физиотерапевтски техничар, медицинска сестра, неговател/ка на стари и изнемоштени лица)

**Градежно-геодетска струка** (фасадер, гипсер-монтер, монтер за сува градба, ракувач со градежна механизација)

**Угостителска струка** (слаткар, готвач, келнер, рецепционер)

**Текстилно-кожарска** струка (кројач на конфекциски материјал, кројач на обувки, шивач на конфекциски материјал, кројачна текстил)

**Сообраќајна струка** (ракувач на дигалка, ракувач на виљушкар, ракувач на автодигалка)

**Машинска струка** (автомеханичар, заварувач, вулканизер и балансер)

**Земјоделско-ветеринарна струка** (производител на градинарски култури, производител на цветни култури)

Обуките пред сè се потпираат врз практична настава која се обавува во соодветно опремени кабинети, односно во салони со кои Отворениоте граѓански универзитете склучуваат договор за соработка. На крајот од обуката се полага завршен испит, преку кој кандидатите се стекнуваат со сертификат.

Петтата помошна хипотеза **се докажува: Програмите што се нудат во Отворените граѓански униевзитети за доживотно учење се компатибилни со потребите на пазарот на трудот во Р. Македонија.** Според ова можеме да кажеме дека е постои потреба од поголема соработка и усогласеност на отворените граѓански универзитети за доживотно учење и потребите на пазарот на труд.

### III.6 Анализа на резултатите за проверување на шестата помошна хипотеза

**Шестата помошна хипотеза: Амбиентот за учење во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е поволен.**




*Табела бр.21 Приказ на податоци на задоволството на учесниците од начинот на работа на ОГУ за доживотно учење*

Ова прашање се однесува до учесниците на ОГУ за доживотно учење. Повеќето од учесниците во отворените граѓански универзитети за доживотно учење 92 од вкупно 120 (77%) сосема се задоволни од начинот на работа. Од вкупниот број на испитаници 22 испитаници се делумно задоволни (18%). Делумно не се задоволни 5 испитаници (4%). Само еден од испитаниците вопшто не е задоволен од начинот на работа (1%).




*Табела бр.22 Приказ на податоци за посетеност на институција за образование на возрасните*

Целта на прашањето е да се согледа дали учесниците освен ова институција посетувале и некоја друга институција за образование на возрасните. Повеќето од испитаниците 87% не посетувале друга институција за образование на возрасните. Останатите испитаници 13% посетувале и друга институција освен отворениот граѓански универзитет за доживотно учење.




*Табела бр.23 Приказ на податоци за амбиентот на ОГУ за доживотно учење*

Целта на прашањето е да се согледа во колкава мера учесниците се задоволни од амбиентот за учење на ОГУ. Повеќето од испитаниците (94 од вкупно 120) сметаат дека има поволен амбиент за учење во отворените граѓански универзитети за доживотно учење. Мал број од нив (17 од вкупно 120 испитаници) се делумно задоволни од амбиентот за учење. Останатите (9 од вкупно 120 испитаници) делумно не се задоволни.




*Табела бр. 24 Интерес за поголема присутност на ОГУ за доживотно учење*

Ова прашање се однесува на учесниците и целта е да се согледа нивниот интерес за застапеноста на овие институции. Повеќе од половина 60% (72 од вкупно 120) сметаат дека треба да има поголем број на отворени граѓански универзитети за доживотно учење. Останатите 40% (48 од вкупно 120 учесника) сметаат дека не треба да биде поголем бројот на овие институции. Денес фунционираат вкупно 12 отворени граѓански универзитети за доживотно учење и тоа во градовите: Битола, Велес, Гостивар, Кичево, Кочани, Неготино, Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица, Тетово и Штип. До пред пеесетина години бројот на работничките универзитети бил многу поголем и ваква институција имало скоро во секој град.




*Табела бр.25 Приказ на податоци за исполнетост на очекувања на учесниците*

Од податоците во табелата можеме да забележиме дека отворените граѓански универзитети за доживотно учење сосема ги исполнуваат очекувањата на 79 од вкупно 120 испитаника. Делумно ги исполнуваат очекувањата на 38 испитаника. 1 учесник смета дека делумно не му се исполнети очекувањата, а на 2 учесника не им се исполнети нивните очекувања.

Корисниците на услугите на отворените граѓански универзитети за доживотно учење претежно се задоволни од посетувањето на ОГУ. Но треба да се земе во предвид дека поголем број од нив не биле инволвирани во некоја друга институција за образование на возрасните. На голем број од испитаниците се исполнети очекувањата од овие институции и сметаат дека треба да ги има во поголем број. За амбиентот за учење, најголем број од учесниците одговориле дека е поволен.

Од добиените податоци се **поврдува шестата помошна хипотеза: Амбиентот за учење во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е поволен.**

## III.7 Анализа на резултатите за проверување на седмата помошна хипотеза

**Седмата помошна хипотеза гласи: Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес за намалување на неписменоста**




*Табела бр. 26 Приказ на податоци на влијание на ОГУ за доживотно учење врз намалување на неписменоста*

Сите 8 директори сосема се согласуваат со ставот дека отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес за намалување на неписменоста. Работничките универзитети биле најголемите промотори на описменувањето во Македонија.




*Табела бр. 27 Приказ на податоци за спроведување на испити за проверка на претходно стекнати знаења и вештини*

Целта на ова прашање се однесува до директорите, да се согледа дали Отворените граѓански универзитети за доживотно учење спроведуваат испити за проверка на претходни стекнати знаења и вештини. Од добиените податоци евидентно е дека сите спроведуваат испити за вреднување на претходно стекнати знаења. Проверката се состои од кратка обука и спроведување на испит пред комисија. По проверка на знаењето кандадатите добиваат документ за поседување на соодветен степен на знаење кој може да го користат за вработување. ОГУ за доживотно учење вршат и проверката за претходни познавања од соодветен странски јазик. Некои од нив проверката ја спроведуваат и по електронски пат. За утврдување на нивото на стекнати знаења и според покажаните резултати, односно стекнатиот процент, се утврдува и соодветното ниво.

**Се потврдува и седмата помошна хипотеза: Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес за намалување на неписменоста.**

### III.8 Анализа на резултатите за проверување на осмата помошна хипотеза

**Осмата помошна хипотеза гласи: Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес кон самовработувањето на учесниците**




*Табела бр. 28 Приказ на согласност дека ОГУ за доживотно учење имаат голем придонес за самовработување на учесниците*

Скоро сите директори (7 од вкупно 8) сосема се согласуваат со ставот дека отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес кон самовработување на учесниците. Овие институции преку обуките што им ги нудат на учесниците им обезбедуваат знаење и вештини, со кои се зголемуваат и подобруваат компетенциите на заинтересираните кои сакаат да се самовработат. Постојат и учесници кои се инволвирани во ОГУ со цел стекнување на одредени компетенции кои ќе им помогнат во отварање на сопствен бизнис кој е дефицитарен во некои странски земји.

Се потврдува и осмата помошна хипотеза: **Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес кон самовработувањето на учесниците.**

## III.9 Анализа на резултатите за проверување на деветата помошна хипотеза

**Деветата помошна хипотеза гласи: застапеноста на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е многу мала и влијае врз стапката на вклученост на посетителите**




*Табела бр.29 Приказ на податоци за влијание на ОГУ за доживотно учење врз вклученост на посетителите*

Сите директори се согласуваат со ставот дека застапеноста на отворените граѓански универзитети за доживотно учење е многу мала и како таква влијае врз стапката на вклученост на посетителите.




*Табела бр.30 Приказ на податоци за влијание на просторната близина на ОГУ за доживотно учење врз посетеност*

Просторната близина на отворените граѓански универзитети за доживотно учење влијае врз посетеноста на учесниците во одделни подрачја со што се согласуваат скоро сите директори (7 од вкупно 8). Најголем број од населението во руралните средини токму поради просторната близина на овие институции не се инволвирани во истите и не ги посетуваат.

**Се потврдува и последната помошна хипотеза: Застапеноста на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е многу мала и влијае врз стапката на вклученост на посетителите.**

Во градот Куманово нема Отворен граѓански универзитет за доживотно учење. Поранешниот работничкиот универзитет „Професор Мијалковиќ" престанува со работа во 2002 година, кога беше иселен од зградата заради потребите на средното образование на албански јазик. Граѓаните, кои имаат потреба од ваков вид на на образование, мораат да одат во другите градови: Тетово, Струмица, Штип, Велес, Охрид, Гостивар или во „Кочо Рацин" Скопје.

## Заклучни согледувања и препораки

Од горенаведената анализа, ќе се осврнеме и на заклучните согледувања и препораките кои произлегуваат од спроведеното истражување.

Врз основа на потврдување на посебните хипотези се потврдува и главната хипотеза дека, организациската и образовната поставеност на отворените граѓански универзитети за доживотно учење позитивно влијае на вработеноста на посетителите и нивната конкурентност на пазарот на трудот.

Отворените граѓански универзитети за доживотно учење се најстарите специјализирани институции и главни промотори за образованието на возрасните и доживотното учење. Кај нас фунционираат дванаесет отворени граѓански универзитети за доживотно учење и потребно е да се зголеми нивниот број. Покрај нивната меѓусебна соработка, потребно е да се зголеми соработка со меѓународните андрагошки институции. Неопходно е овозможување и регулирање на соодветен модел за финансирање од страна на државата. Со тоа ќе се надмине проблемот со самофинасирање, ќе се зголеми бројот на посетителите и ќе се зголеми квалитетот на услугите. Финансиската поддршка од државата ќе овозможи да се реанимираат долгорочното невработени лица, кои се со намалена работоспособност заради застарување на компетенциите, како и оние со неповолно образовно ниво со намалена можност за вработување.

Се надевам дека ова истражување ќе придонесе кон подобрувањето на работата и организациската поставеност, како и раководењето на отворените граѓански униеврзитети за доживотно учење во Република Македонија. Особено треба да се посвети внимание околу оспособување на вработливоста и степенот на конкурентност на посетителите, како и оспособувањето за самовработување. Според сознанијата овие институции имаат потреба од поголемо интегрирање и усогласување на потребите и интересите на населението со трендовите на пазар на труд. Задоволувањето на образовните потреби и стекнување на компетенции на учесниците им овозможува да бидат поатрактивни на пазарот на труд. Треба да се обрне внимание и на застапеноста на овие институции. Со зголемување на нивниот број ќе бидат инволвирани повеќе граѓани со што ќе се постигне поголема вработливост, поголема успешност и ефикасност на работа. Сето ова ќе овозможи целокупно подобрување на економскиот, социјалниот и личниот развој. Отворените граѓански универзитети за доживотно учење треба да преставуваат

стимул за сите, поради големата невработеност и зголемувањето на сиромаштијата.

## Користена литература


1.Alibabić, Š. (1994), Funkcionalna pismenost I samoobrazovanje, Beograd: Institut za pedagogiju I andragogiju Filozofskog fakulteta

2.Андрагошки прирачник за образовна работа со возрасни (2013) Скопје:dvv international

3.АСНОМ (1944-1964),(1964),*Зборник на документи*,Скопје:Институт за национална историја

4.Башевска, М. (2014) *Политиките на пазарот на труд и сиромаштијата во Македонија 2008-2013*, Скопје: Левичарско движење Солидарност"

5.Bryson, L.L. (1936). Adult education. New York: American Book Company.

6.Варџинска М.(1988) *Преквалификации и стручно оспособување на технолошкиот вишок и повратниците од странство во функција на актуелните потреби и повратниците од странство во функција на актуелните потреби и на развојните перспективи на Македонското стопанство*, Скопје:Работнички Универзитет Кочо Рацин

7.Велковски, З. (2005).*Lacrimae Mundi,* Скопје: Педагошки завод на Р. Македонија

8.Водич за обучувачи (2015) Скопје USAID

9.Gartenschlager, U., Hinzen, H. (2000), Perspektive i tendencije obrazovanja odraslih u Europi. Zagreb: Hrvatska zajednica pučkih otvorenih učilišta

10.Гоцевски, Т. (2009), *Економика на образованието,* Скопје:Филозофки факултет

11.Dr. Uche J. Obidiegwu(2011)*Definitions of Adult* INTERNATIONAL JOURNAL OF EDUCATION, SCIENCE AND PUBLIC POLICY IN AFRICA (IJESPPA)

12.Европска комисија:Меморандум за доживотно учење, Брисел 2000

13.Европска комисија:Градење на европски простор за доживотно учење, Брисел, 2001

14.Erikson, E.H. (1987) *The paper of Erik and Joan Erikson*.Hougton Library, Hardvard University. Unpublished

15.Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.137/2013

16.Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија"бр. 36/2011 и 41/2014).

17.Fordham, P.E. (1993) 'Informal, non-formal and formal education programmes' in YMCA George Williams College *ICE301 Lifelong Learning Unit 2*, London: YMCA George Williams College.

18.Министрество за образование и наука на Република Македонија, (2008), *Закон за образование на возрасните*, Скопје:Службен весник на Р.Македонија бр.7/08

19.Merriam, S.B and Brocket, R.G. (2007). The profession and practice of adult education and introduction. San Francisco: Jossey –Bass

20.Program regionalnog drustveno-ekonomskog razvoja (2005), RCPO: Kragujevac

21. МОН (2005), *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015) со придружни програмски документи*, Скопје: МОН

22.Learn from life / Informal Learning, Angeless Learner Curious for life, (http://www.agelesslearner.com)

23.Lifelong Lerning and Lifewide Learning, National Agency for Education, Stockholm, January 2000

24.Lindeman, E. (1926). The meaning of adult education. New York: New Republic.

25.Општа декларација за човечки права, ОН,1948

26.Попоски, К. (2005*). Училишна докимологија,*Скопје:Китано

27.Pries, M (2004). Eine Art Zukuntfspädagogik. Zur erzienhungswissenshaftlichen Neuorientierung der Freizeitpädagogik im 21 Jahrhundert in: Deutsche Gesellschaft für Erziehungswissenschaft (Hrgs): Casopis Erziehungswissenschaft-sveska 29

28.Развојот и дејноста на Работничките и Народните универзитети во СР Македонија во периодот (1953-1988),(1990) Сојуз на работнички и народни универзитети

29. Reber, A.S. (1993). *Implicit learning and tacit knowledge,* New York:Oxford University Press.

30.Ризова,Е. (2015). *Возрасните и писменота* Скопје: *Универзитет*„Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет

31.Ризова,Е.(2008). Доживотно учење (интерен материјал), Скопје:Филозофски факултет

32.Ризова, Е. *Реформите и системот за образование на возрасните во Република Македонија,* Скопје: *Универзитет*„Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет

33.Самоловчев, Б. (1970). *Можности и граници за учење на возрасниот човек,* Штип: Илинден

34.Самоловчев, Б.(1981). *Основи на андрагогијата.Скопје:* Универзитетска печатница Кирил и Методиј

35.Самоловчев,Б. (1985). *Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија* (1943-1983), Образованието на возрасните, Скопје:Просветно дело

36.Службен весник на НРМ, бр.4/53, стр.479

37.Службен весник на НРМ, бр. 19/55, стр.226

38.Службен весник на НРМ, бр 19/47. стр.200

39.Службен весник на НРМ, бр 4/53. стр.46

40.Службен весник на НРМ, бр 35/54. стр.479

41.Образование на возрасни – можност или реалност(2014), Тетово:Сојуз за развој на образование на возрасни и доживотно учење (Истражување на законската рамка за образование на возрасни и понудувачи на образование на возрасни)

42. Статистички податоци за одржаните аналфабетски курсеви во Македонија во 1944/45 година, Архив на Македонија-Скопје, ф.Министерство за просвета на НРМ, к.27

43.Стратегија за образование на возрасни 2010-2015, (2010) Скопје:Совет за образование на возрасните.

44.Стратегија за развој и концепт за финансирање на отворените граѓански универзитети за доживотно учење/Работнички универзитети, (2013), Скопје-dvv international

45.Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013 - 2020

46.Jeffs T., Smith, M. K. (1990). Using Informal Education. An alternative to casework, teaching and control?, Milton Keynes, Open University Press

47.Journal of the European Union, 15 November 2006: Establishing an Action Pogramme in the Field of Lifelong Learning,стр6, член 29

48.Камберски, К. (1995). Образованието *на возрасните во Македонија по ослободувањето,* Скопје: Филозофски факултет “ Св. Кирил и Методиј”

49.Камберски, К. (1994).*Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело

50.Кантарџиев, Р. (2001).*Историја на образованието и просветата во Македонија*, Скопје: Просветно дело

51.Kulić,R., Despotović,M., (2004) Voved vo andragogija, Belgrad: Svet knjige

52.Национален извештај-Развој и состојби во образованието и обуката на возрасните во Република Македонија, CONFITEA VI Шеста меѓународна конференција за образование на возрасни, 2008

53.Verner, C.(1964). Definition of terms. In G. Tensen, A.A. Liveright and W. Hallenbeck (Eds), Adult education: Outlines of an emerging field of University study (pp. 27-39). Washington, D.C. Adult Education Association of the U.S.A.

54.Хоар, К. (2013).*Пирачник за развој и учење кај возрасни* Кочани:Европа 92

55.http://www.archive.na.org.mk/

56.https://www.dvvinternational.de/fileadmin/files/curriculum_globale_maz_fin.pdf

57.http://www.eaea.org/media/membership/documents-from-our-members/llc-macedonia-andragoski-priracnik-mk-final.pdf

58.http://www.lifelonglearning.mk/

59.http://www.lifelonglearning.mk/mk/aktivnosti/denovi-na-dozhivotno-uchenje-vo-makedonija-oktomvri-2016

60.http://makarenko.edu.mk/

61.http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Koncepcija-za-postsredno-obrazovanie.pdf

62.http://multimedia.org.mk/wp-content/uploads/2012/12/Book_MKD1.pdf

63. http://www.na.org.mk/

64.http://www.mon.gov.mk/

65.http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf

66.http://www.srov.mk/

67.Wojciechowski,K. (1996). Wychowanie Doroslych, Wroclaw-Warszawa-Krakow, Ossolineum

# Прилози – инструменти на истражувањето

**Прилог 1:** Анкетен прашалник за директори

**Прилог 2:** Анкетен прашалник за учесници

**Прилог 3:** Анкетен прашалник за наставници

**Анкетен прашалник за директори на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење**

*Со овој прашалник сакаме да го испитаме влијанието на организациската поставеност и функцијата на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во Република Македонија врз стапката на вработеност и конкурентноста на пазарот на трудот на посетителите.*

*Ве замолувам внимателно, без брзање и искрено да одговорите на прашањата. За пополнување на прашалникот нема да Ви бидат потребни повеќе од 20 минути. Најголем дел од прашањата се со заокружување на одговорот кој сметате дека е најсоодветен, а има и прашања каде Вашите искрени и промислени одговори се од исклучително значење за докажување на хипотезите од истражувањето.*

*Однапред Ви благодарам за соработката и за издвоеното време.*

**Установа**______________________________________

**Датум**______________

**Пол**________________

**Работен стаж**________

**Образование**________

**1.Колку вработени има во овој Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење?** ______

**2.За која вид образование од подолу наведенитеимате најмогу заинтересирани кандидати?** (Ве молиме заокружете)

а) основно образование за возрасните;
б) стручно оспособување;
в) стручно образование за занимање;
г) техничко образование;
д) постсредно образование;
ѓ) преквалификација;
е) доквалификација

**3.За кој вид образование имаат интерес кандидатите?**

_____________________________________________

_____________________________________________

**4.Колку изнесува бројот на кандидате на годишно ниво?**

(Ве молиме заокружете)

| | | |
|---|---|---|
| а) 1-30 | ѓ)110-130 | и)210-230 |
| б) 30-50 | е)130-150 | ј)230-250 |
| в) 50-70 | ж) 150-170 | к)<250 |
| г) 70-90 | з)170-190 | |
| д) 90-110 | ѕ)190-210 | |

**5. Дали работите според принципите на современост и адаптираност кон возрасните карактеристики на учесниците?**

______________________________________________

______________________________________________

**6. Дали сте задоволни од посетеноста на овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење од страна на кандидатите?**(Ве молиме заокружете)

а) сосема сум задоволен/на

б) делумно сум задоволен/на

в) делумно сумнезадоволен/на

г) многу сум незадоволен/на

**7. Од која националностнајмногу се застапени кандидатите?** (Ве молиме заокружете)

а) Македонци

б) Албанци

в) Роми

г) Срби

д) Бошњаци

ѓ) Турци

е) Власи

ж) Хрвати

з) Црногорци

ѕ) други __________

**8. Колку изнесува цената на обуките?**

______________________________________________

______________________________________________

**9.Дали постои можност за плаќање на рати?**

а)да

б)не

**10. Дали сметате дека останатите провајдери на образовни услуги на возрасните се конкуренција на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење? Зошто?**

______________________________________________

________________________________________________

**11. Дали овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење соработува со бизнис секторот и останатите отворени граѓански универзитети за доживотно учење во Р. Македонија и регионот? Кои?**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**12. Нема доволна соработка меѓу институциите за образованиенавозрасните и бизнис секторот** (Ве молиме заокружете)

а) сосема се согласувам  в) делумно не се согласувам

б) делумно се согласувам  г) воопшто не се согласувам

**13. Нема доволна соработка меѓу Отворените граѓански универзитети за доживотно учење на ниво на Република Македонија и во регионот** (Ве молиме заокружете)

а) сосема се согласувам  в) делумно не се согласувам

б) делумно се согласувам  г) воопшто не се согласувам

**14. Програмите што се нудат во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење се компатибилни со потребите на пазарот на трудот во Република Македонија (**Ве молиме заокружете)

а) сосема се согласувам  в) делумно не се согласувам

б) делумно се согласувам  г) воопшто не се согласувам

**15. Како ги финансирате услугите?** (Ве молиме заокружете)

а) сопствен буџет  г) средства од јавни институции

б) котизација  д) спонзорство

в) донација  ѓ)друго________________

**16. Полова структура на корисниците на услугите/курсевите**

Број на мажи______________  Број на жени______________

Вкупно (мажи и жени) _________________

**17. Baратели на услугите** (Ве молиме заокружете)

а) вработени

б) невработени

в) маргинализирани_________

(наведете кои)

г) самохрани мајки

д) инвалиди

ѓ) млади

е)други____________________

**18. Јазици на кои се изведува наставата** ______________________

**19.Кои странски јазици се нудат во Вашиот Отворен граѓански универзитет за доживотно учење?** (Ве молиме заокружете)

а) англиски јазик

б) француски јазик

в) германски јазик

г) италијански јазик

д) албански јазик

ѓ) шпански

е) грчки

ж) друг_____________

**20. За кој странски јазик има најмногу интерес?** (Ве молиме заокружете)

а) англиски јазик

б) француски јазик

в) германски јазик

г) италијански јазик

д) албански јазик

ѓ) шпански

е) грчки

ж)друг_____________

**21.На која возраст се кандидатите за изучување на странските јазици?** (Ве молиме заокружете)

а) до 15 години

б) 15-19 години

в) над 19 години

**22. Кои курсеви/обуки ги нуди Вашиот Отворен граѓански универзитет за доживотно учење?**

_______________________________________________________

_______________________________________________________

_______________________________________________________

**23. Просторната близина на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење до местото на живеење на учесниците влијае врз посетеноста.** (Ве молиме заокружете)

а) сосема се согласувам

б) делумно се согласувам

в) делумно не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

**24. Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес кон самовработување на учесниците.**(Ве молиме заокружете)

а) сосема се согласувам

б) делумно се согласувам

в) делумно не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

**25.Отворените граѓански универзитети за доживотно учење имаат голем придонес за намалување на неписменоста на учесниците.** (Ве молиме заокружете)

а) сосема се согласувам

б) делумно се согласувам

в) делумно не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

**26.Застапеноста на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење е многу мала и влијае врз стапката на вклученост на посетителите**

а) сосема се согласувам

б) делумно се согласувам

в) делумно не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

**Анкетен прашалник за наставници во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење**

*Со овој прашалник сакаме да го испитаме влијанието на организациската поставеност и функцијата на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во Република Македонија врз стапката на вработеност и конкурентноста на пазарот на трудот на посетителите.*

*Ве замолувам внимателно, без брзање и искрено да одговорите на прашањата. За пополнување на прашалникот нема да Ви бидат потребни повеќе од 10 минути. Најголем дел од прашањата се со заокружување на одговорот кој сметате дека е најсоодветен, а има и прашања каде Вашите искрени и промислени одговори се од исклучително значење за докажување на хипотезите од истражувањето*

*Однапред Ви благодарам за соработката и за издвоеното време.*

Установа________________________________________

Датум ___________________

Пол________

Возраст_____

Место на живеење___________

Занимање_________________

Националност______________

Образование________________________________________

Вашето Работно време:

а) полно работно време б)неполно работно време

**1.Дали поседувате андрагошки компетенции?** (компетенции за образовна работа со возрасни)?

а) да б) не

**2.Каква форма на работа практикувате?**(Ве молиме заокружете)

а)индивидуална в)тандемска

б)групна г)друго_________________

**3.Кој вид на настава најмногу одговара при реализација на образовните содржини?** (Ве молиме заокружете)

а) проблемска в) програмирана

б) фронтална (заедничка) г) друго_________________

**4. Дали користите електронско учење како дополнителен метод?**

а) да          б) не

**5.Дали сте задоволни од организациската поставеност на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење?** (Ве молиме заокружете)

а) да          в) не знам

б) не

**6.Што би промениле во образовната работа на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

## Анкетен прашалник за учесници во Отворените граѓански универзитети за доживотно учење

*Со овој прашалник сакаме да го испитаме влијанието на организациската поставеност и функцијата на Отворените граѓански универзитети за доживотно учење во Република Македонија врз стапката на вработеност и конкурентноста на пазарот на трудот на посетителите.*

*Ве замолувам внимателно, без брзање и искрено да одговорите на прашањата. За пополнување на прашалникот нема да Ви бидат потребни повеќе од 15 минути. Најголем дел од прашањата се со заокружување на одговорот кој сметате дека е најсоодветен, а има и прашања каде Вашите искрени и промислени одговори се од исклучително значење за докажување на хипотезите од истражувањето*

*Однапред Ви благодарам за соработката и за издвоеното време.*

Установа_______________________________________

Датум ___________________

Пол________

Возраст_____

Место на живеење___________

Националност______________

Образование______________________________________

Занимање_________________

**1 .Вашата посетеност на на овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење е во област на:**

А)формалното образование на младите и возрасните лица (основно образование за возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование и постсредно образование за возрасни, преквалификација и доквалификација) согласно со Законот за образование на возрасните.

б) неформално образование на младите и возрасните лица насочено за оспособување за работа, за различни социјални активности и сл.

**2. Вашата посетеност на овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење се должи на обезбедување на:** (да се заокружи еден или повеќе одговори)

а)личен развој
б) напредување во кариера
в) опстанок во фирма
в) самовработување
г)ново вработување
ѓ)друго_______________

**3. Кои се Вашите позитивни импликации од програмите што се нудат во овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење?**

_____________________________________________________

_____________________________________________________

**4. Кои се Вашите негативни импликации од програмите што се нудат во овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење?**

_____________________________________________________

_____________________________________________________

**5. Колку сте задоволни од наставниците?** (Ве молиме заокружете)

а) сосема сум задоволен/на
б) делумно сум задоволен/на
в)делумно не сум задоволен/на
г)воопшто не сум задоволен/на

**6.Финансирањето на Вашето образование/обука го врши:**

а) фирмата во која работите
б) самофинансирање
в) друго_________________________________

**7. Дали сметате дека треба да има повеќе Отворени граѓански универзитети за доживотно учење?**

а) да
б) не

**8.Дали Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење ги испонува Вашите очекувања?**

а) сосема ги исполнува
б) делумно ги исполнува
в)делумно не ги исполнува
г)воопшто не се согласувам

**9. Дали сте посетувале друга институција за образование на возрасните?**

а) да

Која?______________________________________________

б) не

**10. Дали сте задоволни од начинот на работа во Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење?** (Ве молиме заокружете)

а) сосема сум задоволен/на

б) делумно сум задоволен/на

в)делумно не сум задоволен/на

г)воопшто не сум задоволен/на

**11. Цената на образовните услуги на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење е поприфатлива за разлика од приватните провајдери на услуги на образование на возрасните** (Ве молиме заокружете)

а)сосема се согласувам

б) делумно се согласув

в)делумно не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

**12.Амбиентот за учење на овој Отворен граѓански универзитет за доживотно учење е územ поволен**(Ве молиме заокружете)

а)сосема се согласувам

б) делумно се согласувам

в)делумно не се согласувам

г) воопшто не се согласувам